Методија СОКОЛОВСКИ

# КИЧЕВСКАТА НАХИЈА ВО XV И XVI ВЕК

Во текот на XV век османлиската држава е поделена на две административно-територијални единици, наречени вилаети или беглербеглаци, со кои управувале валиите, односно беглербеговите. Вилаетите се состоеле од помали административно-територијални единици, наречени санџаци, со кои управувале санџак-беговите. Во составот на санџаците биле најмалите административно-територијални единици, наречени нахии, со кои управувале субашиите.

Целата територија на Македонија во текот на XV век е распределена по нахии кои се вклучени во следните три санџаци: Паша-санџакот во кој е опфатен најголем дел од нахиите во Македонија, потоа Кустендилскиот санџак во кој е опфатена источна Македонија со делови од Бугарија и во Охридскиот санџак кој се состоел од 22 нахии од кои само 7 се од Македонија, на пример: Охридската, Преспанската, Горни и Долни Дебар, Река, Жупа и Дебарца. Другите нахии се од Албанија.

Кичевската нахија сѐ до околу 1550 година е во составот на Паша-санџакот. Во почетокот на втората половина од XVI век од составот на Паша-санџакот се издвоени нахиите: Скопска, Тетовска, Прилепска и Кичевска и од овие четири нахии е новоформиран Скопскиот санџак.

За овој труд ние користиме податоци од пописни дефтери (Tahrir defterleri) од XV и XVI век и тоа од 1443, 1468, 1481, 1529 и 1569 година[1]. Ползуваните податоци се однесуваат на видовите феудални владења на територијата на Кичевската нахија, и нивните притежатели; на составот на населението како во градот Кичево така и по селата во целата нахија, на обврските на градското и селското население кон непосредните феудални господари, било да е во прашање ушур од разни земјодел-

[1] Врз основа на податоците од пописниот дефтер од 1468 година, другарот Александар Стојановски има објавено статија под наслов: „Поглед на економско општествените прилики во Кичевската нахија во втората половина од XVI век". Гласник на ИНИ. Год. II, бр. 2 — Скопје 1958.

ски култури и други производи, исто така и разни видови даноци и такси што им следеле на непосредните феудални господари. Посебно место ќе му биде посветено во текот на излагањето на прашањето за исламизацијата, како и на населенијата со специјални задолженија како што биле дервенџиите, соколарите, војнуците и други. Ќе приложиме табеларен преглед за движењето на составот на населението како во градот Кичево така и во сите населби на територијата на Кичевската нахија. Во табелите ќе бидат додадени одделни графи за христијанското и муслиманското население. Табеларниот преглед овозможува да се проследи развојониот пат на градското и селското население, како и неговата структура.

## Видови феудални владеења

Во временскиот интервал од 100 години, т.е. од 1468—1568/9 година бројот на селата што биле вклучени во Кичевската нахија се движи од 141—159. Сите населби во нахијата се вклучени во некои од трите постојни феудални владеења, наречени — хасови,[2], зеамети[3] и тимари.[4]

Така, на пример, во пописниот дефтер од 1468 година е регистриран еден хас што му бил доделен на заимот[5] Али-бег, кој сигурно бил субашија на нахијата.[6] Во хасот се опфатени: градот Кичево и 30 други села што спаѓале во Кичевската нахија. Вкупниот годишен приход изразен парично изнесува 93.528 акчиња. Најголем е приходот од градот Кичево кој изнесува 27.780 акчиња. По време на војна овој феудален господар бил должен да поведе со себеси 20 вооружени коњаници (џебелии),[7] да понесе 3 панцири, 1 голем и 1 мал шатор. Во зависност од висината на годишните примања од феудалното лено секој феудалец бил задолжен да поведе одреден број коњаници, големи и мали шатори и друго. Сите овие работи тој бил должен да ги набави од своите годишни приходи од притежаваното феудално лено. Во опширните пописни дефтери од XV век кај секој регистриран притежател на хас, зеамет или тимар е внесено,

[2] Хас (has) — Назив за феудално лено од највисока категорија чијшто годишен приход се движи од 100.000 до преку еден милион акчиња. Притежатели на хасови се султанот, везирите, беглербеговите и други највисоки државни функционери.

[3] Зеамет (zeamet) — Назиев за феудално лено од втора категорија со годишен приход од 20—99,999 акчиња.

[4] Тимар (timar) — Назив за феудално лено од трета или најниска категорија со годишен приход најмногу до 19.999 акчиња.

[5] Заим (zaim) — Назив за лице што притежава феудално лено од втора категорија зеамет.

[6] Субашија (subaşi) — Воено-административен командант или управувач со еден поголем град или нахија.

[7] Џебелија (cebeli) — Назив за вооружен коњаник кој е должен да земе учество во воен поход.

покрај личното учество во походите и сè она што тој треба да поведе или понесе со себеси. Во текот на XVI век обврските од овој вид се регулирани со посебен закон донесен во време на владеењето на Султан Сулејман Законодавец (1520—1566) и затоа во самите опширни пописни дефтери повеќе не се регистрирани и обврските од овој вид кај притежателите на феудалните лена.

Во 1468 година ниедна населба од Кичевската нахија не е вклучена во феудалното лено од втората категорија, наречено зеамет. Покрај хасот се регистрирани 52 тимари од кои 31 се притежавани од по еден спахија-тимариот, 17 се заеднички тимари, притежавани од 2 или повеќе лица, а на крајот се регистрирани и 2 колективни тимари.

Покрај притежатели на тимари се среаќваат: еден сераскер[8] со годишен приход од 13.172 акчиња; потем кадијата како притежател на тимар, со годишен приход од 6159 акчиња; има еден заеднички тимар на христијани, притежаван од некојси Јован и неговите внуци од брат, Никола и Ѓерг, со годишен приход во износ од 1706 акчиња. Има тимари доделени на „нови муслимани" и тоа два единични. За едниот стои како притежател Хизир, нов муслиман; за другиот Караѓоз, нов муслиман; а на заедничкиот притежатели се Махмуд и Илјас, нови муслимани. Во конкретниов случај изразот „нов муслиман" значи дека се во прашање христијани што преминале во ислам-конвертити. Треба да нагласиме дека меѓу притежателите на единичните тимари се среќаваат еден кој се викал „Хамза син на арнаутинот Али" и вториот кој се викал „Али син на Арнаутинот Шахин", чии што годишни приходи изнесуваат 3758 односно 2702 акчиња. Може со сигурност да се претпостави дека се во прашање исламизирани Албанци кои зеле активно учество и се истакнале во воените походи заради што им биле доделени тимари или пак биле потомци на некои од поранешната феудална класа во Албанија. За таквите притежатели најчесто во пописните дефтери стои дека се „стари спахии". Што се однесува до двата колективни тимари на христијани, притежатели на едниот се: Степан син на Тодор, Петран син на Степан; Пејо син на Кокино; Череп син на Којо; Бојко син на Радослав и Никола син на Милојко. За сите овие во дефтерот е запишано дека се „стари спахии" и дека во време на војна тие биле должни да испратат еден вооружен војник (џебелија).

Во вториот колективен тимар се вклучени: Јован син на Мелко; Петран негов брат; Никола негов брат; Розна (?) негов брат; Рале син на Радута и Милош син на Рале, сите како „стари спахии". Лицата вклучени во колективните тимари поседувале земјишни имоти, наречени „Баштини", кои биле ослободени

[8] Сераскер (serasker) — Воен старешина. За време на мобилизација бил извршен орган на субашијата.

од разни видови давачки и даноци, поради тоа што биле третирани како „стари спахии“ и што се обврзале да испраќаат во воени походи секоја година по едно вооружено лице.

Заслужуваат внимание и оние тимари што биле доделувани на пример на командантот (диздарот)[9] на крепоста во Кичево по име Махмуд, јајабашија, во кој се вклучени 4 села и манастирот Урошица (или Орашец) со годишен приход во износ од 8474 акчиња. Тимар притежавал и имамот[10] во самата кичевска тврдина (крепост) со приход од 1914 акчиња. Има два единични тимари на чувари, прво во крепоста на Кичево, а потоа во крепоста на Коџаџик, како и три заеднички тимари притежавани од двајца или повеќе лица, кои биле чувари во крепоста на Кичево.

Во пописниот дефтер од 1481 година во хасовите на беглербегот (мирмиранот)[11] на Румелија се вклучени 22 населби, т.е. села од Кичевската нахија со годишен приход од сите нив во износ од 36.849 акчиња. Во зеаметот на кичевскиот субашија се вклучени 30 населби со приход во износ од 60.402 акчиња. Вкупниот број на тимарите во ова време во Кичевско е 61 од кои 36 единични, 23 заеднички и 2 колективни.

Во зеаметот на Кичевскиот заим меѓу 30-те села е селото Требино. Приходот од ова село заедно со приходот од манастирот Апостолос изнесува 1004 акчиња. Овој податок го потенцираме поради називот и приходот од манастирот кој би требало да се наоѓа во близината на тоа село. Како притежатели на тимари се јавуваат двајца „нови муслимани“ и тоа еден заеднички на „нов муслиман“ по име Ахмед и неговиот син Омер. Во тимарот се вклучени селата Лисичани и Колари со годишен приход во износ од 3838 акчиња. Вториот „нов муслиман“ Хизир, притежател на тимар е Мехмед син на Танривермиш, сераскер на Кичевската нахија, со приход од 3559 акчиња. Како притежател на тимар е регистриран некојси Хамза син на Арнаут со приход од 3640 акчиња. Еден тимар е притежаван од Караѓоз син на Абдула, секако исламизиран христијанин, бидејќи презимето му гласи „bin Abdullah“,[12] кое како презиме се давало на оние христијани што преминувале во ислам. Такви тимари има два. Во тимарот на кадијата спаѓале селата Премка и Лупште со годишен приход од 604 акчиња. Мошне е интересно тоа што некои од регистрираните вдовици

---

[9] Диздар (dizdar) — Командант на тврдина, кале; старешина на чувари во крепоста.

[10] Имам imam) — муслиманско духовно лице кое се сметало за главен службеник при џамијата.

[11] Мирмиран (mir-i miran) — Синоним за беглербег или валија со значење на управувач со најголема административно-териториајлна единица наречена вилает или беглербеглак.

[11] Мирмиран (mir-i miran) — Синоним за беглербег или валија со значење на управувач со најголема административно-територијална едивек.

од ова село се задолжени со по 25 акчиња на име данок наречен „испенџе“.[13] Како појава оваа е многу ретка зошто, на пример, во текот на XVI век вдовиците на име „испенџе“ плаќале само по 6 акчиња годишно. Како притежатели на тимари се јавуваат бројни чувари, како и комнданти не само во крепоста на Кичево туку и на крепоста Коџаџик и на крепоста Модрич.

Во пописниот дефтер од 1545 година фигурира еден зеамет притежаван од некојси Мустафа-бег, син на Курд Ајдин-бег. Овој бил, секако, субашија на Кичевската нахија. Во зеаметот се вклучени градот Кичево и 7 други села со вкупен годишен приход во износ од 58.548 акчиња. Вкупниот број на тимарите е 98, од кои 59 се единични и 39 заеднички. Меѓу притежателите на единичните тимари се среќаваат: еден черибашија;[14] 2 чауши[15] на беглербегот (мирмиранот), 2 јаничари, и 1 нов муслиман, 2 чауши при султанскиот двор, 1 на диздарот на крепоста и 1 на катхудата[16] во крепоста, како и 1 на имам (хатиб)[17] во џамијата на крепоста во Кичево.

Во 39-те заеднички тимари се вклучени како корисници 2—5спахии тимариоти, така што вкупниот број на тие спахии изнесува 99 или заедно со притежателите на единичните тимари вкупно 158 спахии-тимариоти на целата територија на Кичевската нахија во 1545 година.

Според законските прописи спахиите-тимариоти биле должни да бидат населени на територијата каде што им се доделени населбите што се вклучени во доделениот тимар. Населението било должно да му подигне куќа, да му изгради амбари, да му го носи житото било во неговите амбари или до најблискиот пазар, ако спахијата сака да го продаде житото итн. За четворица од спахиите-тимариоти стои дека биле од Охрид, за другите четворица дека биле од Битола и по 1 има од Скопје, Прилеп, Велес, Пирот, Софија итн.

Во 1568/9 година по однос на феудалните владеења во Кичевската нахија ја имаме следната положба. Градот Кичево уште со 4 други села е вклучен во хасовите на скопскиот Сан-

---

[13] Испенџе (ispence) — Назив за паричен данок што го плаќале христијаните кој изнесувал за регистрираните старешини на семејства како и за работоспособни младичи по 25 акчиња годишно, а за вдовиците по 6 акчиња.

[14] Черибашија (çeribaşi) — Назив за воен старешина во дервенџиската, соколарската и војничката организација.

[15] Чауш (çavuş) — Офицер во султанската гарда, кој пренесувал разни суллтански наредби и се грижел за нивно исполнување.

[16] Кетхуда (kethuda) — Кај Турците овој израз се изговара „ќаја“, со значење помошник или заменик на диздар, на везир, на беглербег и слично.

[17] Хатиб (hatib) — Муслиманско духовно лице што држи проповед во петок и за време на празниците — бајрам. Секоја џамија имала свој хатиб, а во некои случаи таа служба ја вршел имамот.

цак-бег (Mir-i liva-i Üsküp)[18] со годишен приход во износ од 51.674 акчиња. Седум од селата во Кичевската нахија се вклучени на разни лица што притежавале зеамети. Сите други населби во Кичевската нахија се вклучени во 81 тимар, од кои 31 се заеднички, а 50 единични. За разлика од пописните дефтери сè до 1545 година во кои секое феудално лено си претставува една добро обликувана целина, во 1569 година тоа нешто го немаме. Поранешните колективни тимари на христијани како „стари спахии“ повеќе не се јавуваат, ниту пак се среќаваат посебни тимари притежавани од христијани. Оваа појава се среќава и во другите пописни дефтери од втората половина на XVI век што е најарен доказ дека спахиите христијани се сосема ликвидирани или пак истите биле принудени да преминат во ислам. Да потсетиме дека во некои поранешни статии ние говоревме специјално за спахиите христијани во текот на XV и XVI век, при што со конкретни податоци од пописните дефтери можевме да констатираме, на пример, во Прилепско, Демирхисарско и особено во нахиите во северозападна Македонија, дека бројот на христијаните спахии е мошне голем и дека тој во некои нахии претставува 30—50% од вкупниот број на спахиите-тимариоти и дека во текот на XVI век тие речиси во потполност исчезнуваат.

## Градот Кичево

Градот Кичево во пописните дефтери од XV и XVI век е регистриран како Крчова. Тој е седиште на Кичевската нахија. Во текот на XV век градот Кичево прво бил вклучен во хасовите на субашијата на Кичевската нахија по име Али-бег, а во втората половина од XV век е вклучен во хасовите на румелискиот беглербег. Во првата половина од XVI век градот е вклучен во зеаметот на Мустафа-бег, син на Курд Ајдин-бег. Сигурно овој бил субашија на Кичевската нахија. Во втората половина од XVI век кога е создаден Скопскиот санџак во чиј состав е и Кичевската нахија, самиот град Кичево е приклучен кон хасовите на Скопскиот санџак-бег, чие име во самиот дефтер не е внесено.

Пописот на градското население е даван според верската припадност. Најнапред е даван пописот на мусламаните, а потоа на христијаните. Во текот на XV век пописот на муслиманите е даван како на група, додека на христијаните пописот е воден по маала. Во тоа време, а и во текот на XVI век, во градот Кичево имало две христијански маала. Едното се викало Серф со значење „српско“, а другото „Арнаут“. Во XVI век по-

---

[18] Mir-i liva-i Üsküp — Изразот „mir-i liva" е исто што и изразот „санџак-бег“.

Üsküp е назив за град Скопје. Спрема тоа целиот израз ќе се преведе со — Скопски — санџак — бег.

писот како на муслиманското исто така и на христијанското население е даван по маала. Имало четири муслимански маала со следните имиња: — „Џамија", — „Исхак" — „Шејх Синан-Халифа" и маалото „Синан-бег".

Во првото маало имало џамија која се викала „Стара Џамија" и по неа малото го добива името. Од некои податоци во пописниот дефтер може да се констатира дека името на второто маало доаѓа од името на некојси бег по име Исхак-бег, кој имал подигнато во тоа време мала џамија без минаре наречена „месджид". Од имињата на третото и четвртото маало очигледно е дека таму живееле двата бега, чиишто имиња ги носат самите маала.

За да го проследиме развојониот пат на составот на населението во градот, ние ќе се послужиме со еден табеларен преглед изработен врз основа на податоци од пописните дефтери од 1443, 1468, 1481, 1519, 1528, 1545 и 1569 година, т.е. три пописи од XV и три пописи од XVI век. Во табелата се дадени графи за бројот на регистрираните семејства и неженетите како на христијанското население така и на муслиманското.

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД

За составот на населението во гр. Кичево во текот на XV и XVI век

| Ред. број | Број на дефтерот и од која година е | Кристијан | | Муслимани | | Вкупно регистрирани | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Број на: — | | Бројот н: — | | | |
| | | Семејствата | Неженетите | Семејствата | Неженетите | Христијани | Муслимани |
| 1 | Број 303 од 1443 год. | 167 | 24 | 13 | — | 191 | 13 |
| 2 | Број 4 од 1468 год. | 173 | 12 | 31 | — | 185 | 31 |
| 3 | Број 16 од 1481 год. | 190 | — | 45 | — | 190 | 45 |
| 4 | Број 73 од 1519 год. | 145 | — | 77 | 34 | 145 | 111 |
| 5 | Број 149 од 1528 год. | 96 | 9 | 71 | 8 | 105 | 79 |
| 6 | Број 232 од 1545 год. | 39 | 9 | 50 | 20 | 48 | 70 |
| 7 | Број 190 од 1569 год. | 42 | 18 | 80 | 9 | 60 | 89 |

Ако се обрне внимание на цифрените показатели во табелата за движењето на бројот на христијанското и муслиманското население во градот, ќе се констатира следното: 1. Дека бројот на христијанските семејства во текот на XV век е во пораст така што од 167 семејства околу 1444 година, во 1481, т.е. за временски период од 38 години, се покачува на 190 семејства или зголемување за 23 семејства.

Во текот на XVI век, почнувајќи од 1519—1545 година бројот на христијанските семејства е во големо опаѓање, така што од 145 семејства се намалува на 39 семејства во 1545 година или за временски период само од 25 години, смалување на христијанските семејства за 106.

Во последниот попис од XVI век со којшто располагаме, а кој е од 1569 година, бројот на христијанските семејства во споредба со 1545 година се зголемува само за три семејства. Може да се заклучи дека во текот на XVI век бројот на христијанските семејства во градот Кичево е во постојано опаѓање. Впрочем оваа појава не е карактеристична само за градот Кичево, туку со сосем мали исклучоци, таа е карактеристична за сите градови во Македонија во текот на XVI век.

А сега да го проследиме движењето на муслиманското население во градот. Од табелата е евидентно дека муслиманскиот елемент, почнувајќи од околу 1443, па се до 1519 година, е во постојано зголемување, така што бројот на муслиманските семејства од 13 се зголемува на 77 или зголемување за шест пати за временски период од 76 години. Во следниот период по 1519, па сè до 1545 година бројот на муслиманските семејства е во опаѓање, така што од 77 се сведува на 50 семејства. Меѓутоа, во временскиот интервал помеѓу 1545 и 1569 година или за 25 години се јавува еден мошне голем скок или пораст на муслиманските семејства од 50 на 80 семејства.

Треба посебно да се потцрта дека во 1545 година се јавува големо опаѓање како на бројот на христијаните така и на муслиманските семејства. Причините за ваквата појава не сме во состојба да ги откриеме во целост, иако сме констатирале во повеќе случаи преку објавени статии за разни нахии дека една од основните причини за смалувањето на бројот на христијанските семејства по градовите во текот на XVI век е масовната појава на исламизацијата, а како последица од тоа нешто е преовладувањето на муслиманскиот елемент над христијанскиот во поголемите градови во Македонија.

Меѓу регистрираните муслимани во градот Кичево во 1545 година се среќаваат 1 шејх;[19] 1 ќатиб;[20] 3 имами; 3 муезини;[21] 1 чувар во крепоста; 2 акинџии[22] и 1 спахиски син.

[19] ШЕЈХ (şeyh) — Старешина. На пример старешина на теќе; старешина на дервиши; старешина на еснафска организација.

[20] ЌАТИБ (kâtib) — писар; секретар.

[21] МУЕЗИН (müezzin) — Муслиманско духовно лице што ги повикува верниците на молитва преку џамијата.

Во 1569 година во градот се регистрирани 1 хатиб при старата џамија, по име Ахмед син на Мехмед, потоа 1 муезин при истата џамија. Во второто маало наречено „Исхак" е регистриран еден имам при месџидот на Исхак-бег, како и еден муезин. Во третото маало, наречено „Шејх Синан Халифа", се среќава еден имам. Исто така еден имам е регистриран и во четвртото маало „Синан-бег". Покрај овие верски службеници меѓу муслиманите се среќаваат во ова време уште 2 целепи,[23] 2 чувари на крепоста, двајца акинџии, како и петмина синови на спахии.

Поаѓајќи од поединичниот попис на муслиманите ние констатиравме дека во 1569 година имало вкупно 89 регистрирани муслимани, од кои деветмина се неженети (mücerred).[24] Меѓутоа, самиот попишувач, преминувајќи на пописот на обврските кон непосредниот феудален господар, во дефтерот има покажано 12 души муслимани кои поседувале земја што можела да се обработи со едно рало волови (çjft)[25] и тие се задолжени со по 22 акчиња годишно на име данок за земјарина. Потоа следат 16 души што поседувале половина (nim) такви обработлива земја и тие се обложени со по 11 акчиња годишно. Покрај овие се покажани и деветмина неженети кои не се задолжени со данок за земјарина. Со други зборови, од вкупно 80 поединечно регистрирани муслимански семејства во градот само 28 семејства се обложени со данок за земјарина. Службените лица, како и спахиските синови, биле ослободени од тој данок, но нивниот број во самиот пописен дефтер, како што видовме, е доста мал. Ако другите муслимани не се занимавале со земјоделие, тие морале да вршат или некои други обврски или пак да се занимавале со некој занает. За разлика од пописот во 1569 година во претходниот попис од 1545 година нема ниеден од регистрираните муслимани задолжени со данок за земјарина (resm-içift), ниту пак покрај нив во дефтерот е внесено дали притежава половина или цел чифлик.

## Годишни приходи на непосредниот феудален господар од населението на градот Кичево

Во пописните дефтери од XV и XVI век се внесени сите натурални и парични давачки што му следеле на непосредниот феудален господар. Ние ќе направиме само еден осврт врз нај-

[22] АКИНЏИЈА (akinci) — Назив за специјални гранични одреди што вршеле извидничка улога и подготвувале терен за воена офанзива.

[23] ЦЕЛЕП (celep) — Трговец со добиток.

[24] МУЏЕРЕД (mücerred) — неженет, самец кој е работоспособен.

[25] ЧИФТ — (çift) — Со значење пар, чифт. Во пописните дефтери овој израз се однесува на поседуван земјишен имот од муслиманите со површина од 60—100 донуми обработлива земја, т.е. земја што можела да се обработи со еден чифт волови. Годишниот данок за таков посед на земја изнесувал 22 акчиња како „данок за земјарина" (resm-i çift).

важните парични и натурални давачки од XV и XVI век. Секако, најинтересен и најважен е приходот што се добивал како натурална рента наречен ушур од разни жита што се произведувале од градското население во атарот на градот Кичево. Така, на пример, според податоците од 1468 година населението било задолжено со вкупно 170 товари жито од кои 100 товари пченица во вредност од 2000 акчиња и 70 товари мешано жито (јачмен, 'рж, овес и слично) во вредност од 1050 акчиња. Изразена парично вкупната количина жито изнесува 3050 акчиња, т.е. товар пченица се пресметувал по 20, а товар мешано жито по 15 акчиња. Следејќи ја оваа натурална давачка во другите пописни дефтери од XV и XVI век со кои што располагаме, можевме да констатираме дека таа обврска сè до 1528 година е во постојано опаѓање, така што околу 1481 година количината жито изнесува вкупно 141 товар а во 1528 година спаднува на 83 товари од кои 50 товари пченица во вредност од 1750 акчиња и 33 товари мешано жито во вредност од 825 акчиња. Значи, во 1528 година количината жито како натурална давачка на феудалниот господар се сведува на 50% во споредба со 1468 година. Со други зборови, во 1468 година во просек на едно семејство не се паѓа годишно како обврска ни по еден товар жито; бидејќи тогаш вкупниот број на христијанските и муслиманските семејства е 204, произлегува дека во просек на едно семејство од градот доаѓа 0,83 од товар. Во 1528 година во просек на едно семејство доаѓа околу половина товар. Во 1545 година има едно мошне големо зголемување на оваа натурална давачка, така што таа изнесува 340 товари од кои 185 пченица и 155 товари мешано жито во вредност од 9650 акчиња. По ова време еден товар пченица се пресметувал 35 акчиња, а еден товар мешано жито 20 акчиња.

Бидејќи во 1545 година бројот на семејствата во градот бил 89, тоа значи дека во просек на едно семејство се паѓа по 3,8 товари. Во втората половина од XVI век, т.е. во 1568/9 година, градското население е задолжено со 597 товари жито, од кои 303 пченица- 210 товари мешано жито и 4 товари граор во вкупна вредност од 15.810 акчиња. Ние веќе видовме дека по ова време во градот имало вкупно 122 семејства што значи дека во просек на едно семејство се паѓало годишно по околу 5 товари жито да му даде на непосредниот феудален господар. Би требало да констатираме дека градското население во 1468 година било задолжено со вкупно 170 товари жито, а во 1569, т.е. по 100 години, е задолжено со 597 товари или со повеќе од три пати, а при тоа бројот на семејствата од 204 се намалил на 122.

Соодносот од 170 : 597 нè наведува на заклучок дека во 1569 година се произведувало повеќе од три пати жито од 1468 година, и тоа од значително намаленото население. Оваа констатација, извлечена од самите податоци во пописните дефтери,

неминовно води кон претпоставката дека натуралната рента наречена ушур (десеток) во никој случај не можела да биде како обврска на давање 1 на 10 или 1/10. Таа морала да биде значително поголема, особено што според старите законски прописи ушурот во Румелија можел да се движи од 10—50%.

Што се однесува до ушурот од лозја тој од христијанските семејства се земал во натура т.е. како вино. Како мерка за вино во најголем број случаи се среќава „медра" што претставувала половина од старата христијанска мерка наречена „ведро". Најчесто медрата се пресметувала по 6 или 5 акчиња. Од муслиманите што имале лозја не се земал ушур во натура, ами се наплатувал данок, и тоа за секој донум лозје по 4—5 акчиња.

Во 1468 година во пописниот дефтер меѓу давачките од градското население е заведена сума во износ од 1500 акчиња што би претставувало 250 медри вино. Во текот на XVI век, т.е. во 1545 и 1569 година, градското население е задолжено со 402 медри вино во вредност од 2412 акчиња што значи во споредба со 1468 година повеќе за 152 медри, а притоа бројот на христијански семејства се свел од 204 само на 39, односно 42 семејства. Муслиманското население од градот Кичево во 1545 година е задолжено со 480 акчиња што значи дека тие располагале со околу 120 донуми лозја или во просек секое семејство по $2\frac{1}{2}$ донуми лозја. Во 1569 година муслиманите се задолжени со 560 акчиња што значи дека тогаш имало околу 140 донуми муслимански лојза. Годишниот приход од лозја, што му следел на непосредниот феудален господар во втората половина од XVI век, се движи на околу 3000 акчиња.

Покрај овој приход феудалниот господар имал право да држи монопол[26] во текот на годината. Додека траело тоа време, т.е. монополот, населението можело да купува вино само од непосредниот феудален господар. Така, на пример, во 1545 година како приход од „монополот" во пописниот дефтер е регистрирана сума во износ од 3395, а во 1568/9 година во износ од 3370 акчиња. Мошне е значаен годишниот приход на спахијата од баждарината и нијабетот. Во 1468 година тој приход е најголем и изнесува 12.600 акчиња. Во сите следни пописни дефтери тој се смалува, така што во 1568/9 година изнесува 8000 акчиња. Овој приход недвосмислено говори дека градот Кичево во текот на XV и XVI век бил мошне прометен и во него имало богат пазар.

---

[26] МОНОПОЛ — Субашиите како управувачи со нахиите имале право во текот на годината да држат монопол за продавање на сопствено вино, во траење од 1—2 месеци. За тоа време никој од граѓаните и селаните не смеел да продава вино. Оние што имале потреба од вино купувале од субашијата.

Што се однесува до давачката наречена „испенџе", таа ја плаќале само христијаните, и тоа женетите и неженетите што се регистрирани во пописните дефтери се задолжени со по 25 акчиња годишно, а вдовиците со по 6 акчиња. Во 1468 година приходот од испенџето изнесува 6580 акчиња. Во 1545 година се сведува на 1080 акчиња, поради големото намалување на христијанското население, за да се зголеми пак меѓу 1568 година и да изнесува 1362 акчиња.

Приходот од другите натурални и парични давачки на градското население се незначителни и затоа нив само ќе ги приведеме. Тие се: данок за свињи, данок за воденици, данок за пасишта, данок за бостан и друго. Парично изразени сите давачки од градот Кичево во 1468 година изнесуваат 27.780 акчиња, во 1528 година 17.836, а во 1569 година 36.000 акчиња. Цената на еден товар пченица се движела од 20—35 акчиња во временскиот интервал помеѓу 1468 и 1569 година, а на 1 товар мешано жито таа се движи од 15—20 акчиња.

## Составот на селското население во кичевската нахија во XV и XVI век

Во пописот од 1468 година во Кичевската нахија се опфатени 142 села. Вкупниот број на регистрираните семејства во сите селски населби е 3793. (Во семејствата се вклучени и регистрираните вдовици). Покрај старешините на семејствата во пописниот дефтер се внесени и неженетите а работоспособни (mücerred). Нив ги има 331. Поаѓајќи од претпоставката едно семејство во просек да броело 5 членови, во тој случај по селата на целата територија на Кичевската нахија околу 1468 година имало вкупно 18.965 жители.

Треба посебно да се подвлече констатацијата дека во кичевските села во 1468 год. не се среќава ниеден регистриран муслиман, исклучувајќи ги спахиите-тимариоти.

Во следниот попис од 1481 година во Кичевската нахија се опфатени 150 села, или 8 села повеќе од 1468 година. Вкупниот број на регистрираните христијански семејства, т.е. старешини на семејства, изнесува 6003 што значи дека во споредба со 1468 година христијанското население во кичевските села е зголемено за 2210 семејства. Вкупниот број на христијанското население по селата би бил околу 30.015.

Во пописот од 1481 година по селата се среќава за прв пат и извесен број муслимани. Така, на пример, во селото Црмско се регистрирани двајца муслимани. Меѓутоа, и двајцата се исламизирани христијани. Во селото Длабоки Дол има еден муслиман, во селото Кленоец има исто така еден муслиман кој е исламизиран христјанин. Ист случај е и со регистрираниот муслиман во селото Пенче. Имено, во дефтерот за овој стои след-

ното: „Милош Димитри станал муслиман." Во селото Стрегомиште се регистрирани четворица муслимани. Од нив тројца се исламизирани христијани. Во селото Стрелци има двајца муслимани. Во селото Србица е регистриран еден муслиман по име Ахмед Арнаут. Очигледно е дека е во прашање исламизиран Албанец, т.е. Арнаутин.

Спрема тоа вкупниот број на регистрираните муслимани во приведените 7 села е 12, од кои 8 души се исламизирани.

Составот на селското население во Кичевската нахија во текот на XVI век ќе го прикажеме врз основа на податоците од пописните дефтери од 1545 и 1569 година.

Во 1545 година на територијата на Кичевската нахија се среќаваат 157 села во кои се опфатени 5184 христијански семејства и 599 неженети, додека бројот на муслиманските семејства е 42 и 1 неженет. Бројот на вкупното население во сите 157 села во 1545 година е околу 26.130 од кои 210 муслимани. Муслимани во 1545 година се регистрирани во 17 села. Најмногу ги има во селото Српјани 12 на број, во селото Трапчин Дол 4, а во сите други села по 1—2 муслимани.

Паѓа в очи дека од вкупниот број на регистрираните муслимани, 28 души се притежатели на баштини. Терминот „баштина" во пописните дефтери се употребува за земјишен имот на христијани, а за муслиманите што имаат земјишен имот се употребува терминот „чифт" со значење чифлик, т.е. земја што може да се обработи со еден чифт волови. Во самиот пописен дефтер во врска со „баштините" на муслиманите стои, на пример, вака „Баштина на Тодор, сега во рацете на Хасан", или „Баштина на Стојан, сега во рацете на Ахмед" итн.

Попишувачот морал да ги внесе во пописниот дефтер сите баштини независно дали се притежавани од христијани или од муслимани, бидејќи притежателите на баштините биле должни да му даваат на непосредниот феудален господар годишно данок, наречен „испенце", во износ од 25 акчиња. Во случај да бидат испуштени баштините од пописите тоа би значело смалување на годишните приходи на феудалниот господар, а тоа не смеело да се случи. Дури кога муслиманот ќе си го регулира тоа прашање по судски пат преку кадијата, дури тогаш во пописот нема да се означува како баштина.

Може да се претпостави, и тоа со голема веројатност, дека најголем дел од овие муслимани, притежатели на баштини, се исламизирани христијани. Но баштината можела да биде уште и купена од некој христијанин или просто христијанинот да ја напуштил баштината, а спахијата по одредено време, според законските прописи, имал право да ја додели таа земја на други лица.

Околу 1569 година во Кичевската нахија имало 159 села населени со 3839 христијански семејства и 96 муслимански или

вкупно 3935 семејства. Бројот на вкупното население би бил околу 19.630 од кои 480 муслимани.

Во споредба со најстариот пописен дефтер со којшто располагаме, а кој е од 1468 година, по 100 години бројот на христијанските семејства по селата се зголемува од 3793 на 3839 или зголемување само за 46 семејства. Ако се земе предвид дека меѓу регистрираните муслимани во 1569 година има 42 исламизиран христијани, ќе се констатира дека христијанското население стагнира.

Од податоците е евидентно дека во Кичевската нахија најмногу население имало околу 1545 година кога бројот на христијанските семејства е 5184 за да се сведе во еден временски интервал само од 24 години, во 1569 година, на 3839 семејства. Причините за вакво смалување на населението можат да се бараат главно во миграциите од втората половина на XVI век кога поради тешките економски услови, како и поради појавата на бројните разбојнички банди населението масовно ги напуштало своите родни места, неможејќи да го поднесе тешкото бреме од зголемените државни даноци и други давачки.

Привршувајќи го излагањето во врска со составот на населението во селата на Кичевската нахија, да констатираме дека во текот на XV и XVI век населението е чисто македонско и дека муслиманскиот елемент што се среќава кон средината и во втората половина од XVI век во споредба со македонскиот е минимален, така што во 1569 година бројот на нивните семејства е 96 од кои деветмина се дервиши, а 25 се исламизирани христијани. Треба да се констатира и тоа дека во текот на XV и XVI век нема никаква колонизација на Турци османлии, бидејќи не постои ниедна чисто муслиманска населба, за разлика, на пример, од Скопската, Велешката, Прилепската, Битолската и други нахиии каде што поради колонизацијата се создадени чисто муслимански населби.

По бројот на населението најголеми се селата: Орланци каде бројот на семејствата се движи од 73—120 во временскиот период од 100 години. Потем селото Премка со број на семејства од 71—123, Тухин од 80—100, Тајмиште од 38—87, Барбарас од 43—106, Градештица од 48—86, Зајас од 31—96 итн.

Кон средината на XVI век, како што веќе налгасивме, се јавуваат 28 души од редот на муслиманите како притежатели на баштини. Во втората половина на XVI век се регистрирани 20 души муслимани кои имале баштини, а има приличен број баштини без сопственик и тие се третирани како селски (Ehi-i karye).[27]

Од посебна важност за XVI век е појавата на чифлигарството како нов аграрен систем во рамките на класичниот тимарско-спахиски феудален систем на отоманската држава. Овој нов

---

[27] ЕХЛ-И КАРИЕ (Ehl-i karye) — На селското население.

систем претставува поткопување на темелите на тимарско-спахискиот систем и вовлекување во владејачката феудална класа на лица од други слоеви како сопственици на големи земјишни имоти наречени чифлици, за разлика од поранешните споменувани чифлици во кои можело да има најмногу од 70—120 донуми обработлива земја, во зависност од бонитетот на истата или како уште често стои во документите „земја што може да се обработи со еден чифт волови". Новите чифлик-сајбии располагаат често со огромни комплекси земјиште што не ја обработуваат самите сопственици, ами истата се дава на наполичари, т.е. пауперизирани селани (чифчии) под услови што ги диктира самиот сопственик, т.е. чифлик-сајбијата. Како сопственици на чифлици во текот на XVI век во Македонија се јавуваат во прв ред разни спахии или нивни синови, потоа јаничари, бегови, трговци, занаетчии и разни други службени лица.

Првите чифлици во Македонија се среќаваат во 1528 година и тоа во оние нахии за кои би можеле да кажеме дека се побогати и не се пасивни. Во Кичевската нахија, на пример во 1545 година не можевме да сретнеме ниеден сопственик на чифлик. Од тоа би можело да се претпостави со сигрност дека чифлигарството во Кичевската нахија почнало да се појавува во втората половина од XVI век. Во пописниот дефтер од 1569 година можевме да го установиме постоењето на околу 15 чифлици и тоа во 8 населби. Така, на пример, во градот Кичево и во селата Поповјани, Кошарани, Лисичани и Сухо — Дол имало по двајца сопственици на чифлици. Во селото Церовци, т.е. Црвица се среќаваат тројца чифлик-сајбии, а во селата Неокази и Пласница има по еден. Како сопственици на чифлици се деветмина спахии или спахиски синови, двајца јаничари, една ћерка на кадија и една ќерка на спахија.

## Обврските на селското население кон непосредните феудални господари

Во овој дел од излагањето ќе стане збор за некои од поважните натурални и парични давачки што им следеле на непосредните феудални господари во Кичевската нахија било да се тоа притежатели на хасови, заемети или тимари. Годишните приходи на феудалните господари се состојат од натурални давачки, наречени ушур, во прв ред од земјоделските производи, како и од паричните давачки како што е, на пример, данокот за свињи, испенџето, данокот за земјарина, за свадбарина итн.

Освртот на обврските на селското население ќе се даде врз основа на податоци од пописните дефтери за 1468, 1545 и 1569 година, при што акцентот ќе се фрли на ушурот од разни видови жита, потоа на ушурот од лозја, улишта, лен, како и

на данокот за свињи· Се задржуваме само на овие давачки, бидејќи тие се и најважни. Заслужува внимание и паричниот данок, наречен испенџе, што го плаќале само христијаните, меѓутоа место да даваме цифрени показатели за тој данок, ние ќе информираме дека старешините или главите на семејствата, како и неженетите што се работоспособни, плаќале по 25 акчиња, а вдовиците по 6 акчиња, спрема тоа може лесно да се пресмета каков бил годишниот износ на овој данок кога ќе се помножи бројот на регистрираните христијани со 25 односно 6.

Во 1468 година, како што веќе порано нагласивме, на територијата на Кичевската нахија имало 142 населени места (села), со вкупно 3793 семејства или околу 18.965 жители само во селата. Целокупното селско население е задолжено годишно со 5583 товари жито од кои 2648 товари пченица, 2517 товари јачмен, 197 товари овес и 221 товар 'рж во вкупна вредност од 97.825 акчиња. Еден товар пченица се пресметувал по 20 акчиња, а јачменот, овесот и 'ржта по 15 акчиња. Ако вкупната количина жито ја поделиме со вкупниот број на селските семејства во Кичевската нахија, ќе видиме дека во просек се паѓало на едно семејство годишно околу 1,5 товар жито.

На второ место доаѓа ушурот од лозја, кој сеземал како шира, односно вино. Најчеста мерка за вино во пописните дефтери е регистрирана со називот „медре", која претставувала половина од старата мерка позната како „ведро". Во некои пописни дефтери се среќава мерката „половица", а во пописниот дефтер од 1468 година за Кичевско како „стомна", која се пресметувала по 8 акчиња, додека мерките „медре" и „половица" главно се пресметувале по 6 или 5 акчиња.

Лозарството на територијата на Кичевската нахија во 1468 година било застапено во 84 села. Целокупното селско население е задолжено годишно со 6775 мерни единици за вино во вредност од 54.200 акчиња (мерната единица се пресметувала по 8 акчиња). Поаѓајќи од количината вино со која биле задолжени населбите, може да се констатира дека лозарството било најразвиено во следните населби: Манастирец кое е задолжено со 260 мерни единици, Трапчин Дол со 225, Близанско и Зајас со по 200, Србјани со 175, Тајмиште со 150 итн. Во просек на едно село, од оние што се занимавале со лозарство, се паѓа годишно по (6775 : 84) околу 87 мерни единици или парично пресметано по 696 акчиња.

Со производството на лен се занимавале 85 села задолжени годишно со 3206 акчиња. Во просек на едно од овие села доаѓа годишно по околу 40 акчиња. Села со најголеми задолженија за овој данок се: Србица со 150 акчиња, а селото Тајмиште, како и други 7 села, се задолжени со по 100 акчиња годишно.

Пчеларството во 1468 година е застапено во 66 села. Оваа давачка се земала по правило, во натура, како ушур. Доколку немало на пример, 10 улишта, тогаш данокот се наплатувал па-

рично. Сите 66 села се задолжени со 1637 акчиња или во просек на едно село се паѓа по околу 25 акчиња.

Со одгледувањето на свињи се занимавале 105 села. Данокот за свињи е паричен данок наплатуван од христијаните. Во некои случаи за секоја свиња се земало по 1 акче, а во други случаи на 2 свињи по 1 акче. За Кичевската нахија немаме податок како се земал овој данок. Сите 105 села се задолжени со 3454 акчиња. Во просек на едно село доаѓа по 33 акчиња.

Во 1545 година на територијата на Кичевската нахија имало 152 села со 52226 семејства. Годишните обврски кон непосредните феудални господари на име „ушур од жита" изнесуваат 6797 товари од кои 2623 пченица, 4071 мешано жито (јачмен, овес, 'рж) и 103 товари граор во вкупна вредност од 176.830 акчиња. Во ова време 1 товар пченица или граор се пресметувал по 35 акчиња, а 1 товар мешано жито по 20 акчиња. Во просек на едно семејство доаѓа по 1,3 товар. Лозарството во 1545 година е застапено во 148 села од вкупно 152. Годишната обврска од овој ушур за вино изнесува 15.976 медри или пресметано во пари 95.856 акчиња. Една медра се пресметувала по 6 акчиња. Со најголеми количества вино се обложени селата: Манастирец со 460 медри односно 2760 акчиња, Градешница со 450 медри, Дворце со 360, Србица со 319, Речани со 315, Зајас со 300 медри итн.

Со производството на лен се занимавале 134 села, задолжени со 10.174 акчиња годишно. Во просек на едно село доаѓа по 76 акчиња. Производството на лен било најзастапено во селата: Србица кое е задолжено со 410 акчиња, Иванчиште со 292, Грешница со 290, Речани со 250, Белица со 275 итн.

Чувањето на пчели е застапено во 140 села, обложени со 6702 акчиња. Во просек на едно семејство се паѓа годишно по 48 акчиња. Пчеларството било најзастапено во селата: Иванчиште задолжено годишно со 270 акчиња, Гургурица исто така со 270 акчиња, Манастирец со 260, Белица со 205, Колари со 171 итн.

Одгледувањето или ранењето на свињи е застапено во сите населени места во Кичевската нахија. Годишните обврски на целокупното селско население на име „данок за свињи" изнесуваат 9894 акчиња. Со најголеми давачки се задолжени селата: Мокросек со 390 акчиња, Премка со 175, Србица со 260, Староец со 243, Колари со 240, Преглево со 250, Пласница со 270, Тухин со 251.

Ако гореприведените натурални и парични давачки во 1545 година се споредат со истите од 1468 година, ќе се констатира дека ушурот од жита е зголемен за 1214 товари, ушурот од лозја е зголемен за 6943 медри, ушурот од улишта зголемен за 5065 акчиња а данокот за свињи од 3454 во 1468 година се зголемува на 9894 акчиња.

Во 1569 година на територијата на Кичевската нахија се регистрирани 159 селски населби со вкупно 3935 семејства. Бројот на селата во споредба со 1468/9 година е зголемен за 18, а бројот на вкупните семејства од 3793 се покачува на 3935 или зголемување за 142 семејства.

Ушурот од жита во 1569 година изнесува 11.804 товари или двојно зголемување во споредба со 1468 година, и тоа 4620 товари пченица, 16867 товари мешано жито и 217 товари граор и леќа, во вкупна вредност од 282.280 акчиња. Пченицата се пресметувала по 30 акчиња, а другите жита по 20 акчиња. Со најголеми количини жито се оптоварени селата: Тухин со 363 товари, Манастирец со 223, а Србица со 187 товари.

Ушурот од лозја изнесува 18.651 медра, во вредност од 110.106 акчиња. Во споредба со 1468 година оваа обврска е двојно зголемена. Лозарството е застапено во 145 села. Со најголеми давачки се оптоварени следните села: Манастирец со 550 медра, Пласница со 550, Градешница со 484, Дворце со 360 и Србица со 320 медри годишно.

Производството на лен е застапено во 127 села обложени со 9313 акчиња или речиси тројно повеќе од 1468 година. Со најголеми износи се задолжени селата: — Србица со 412 акчиња Преглево со 288, Манастирец со 210 акчиња итн.

Ушурот од улишта во 1569 година изнесува 7957 акчиња. Со пчеларството се занимавале 146 села. Со најголеми суми на име, ушур од улишта" се задолжени селата: Иванчиште со 570 акчиња, Манастирец со 260, Елховец со 205, Колари со 180, Осломеј со 150 акчиња итн. Во споредба со 1468 година тој данок е зголемен за повеќе од четири пати, т.е. од 1637 се зголемува за 7257 акчиња.

Данокот за свињи во 1569 година изнесува 8398 акчиња. Истиот во 1468 година изнесувал 3454 што значи зголемување за 4944, т.е. повеќе од два пати. Со овој данок најмногу се задолжени селата: Елховец со 348 акчиња, Србица со 260 и Колари со 235 акчиња.

Споредувајќи ги натуралните и паричните обврски на селското население за временскиот интервал од 100 години, т.е. од 1468/9 — 1569, произлегува заклучокот дека бројот на семејствата од 3793 се зголемува на 3935, но затоа бројот на селата во 1569 година е поголем за 18 во споредба со 1468 година што фактички значи дека нема речиси никакво фактично зголемување на самото население.

Меѓутоа, иако населението не е зголемено, ние видовме дека натуралните и паричните давачки за некои од приведените примери се зголемени за 2—3 пати во 1569 год. Оваа констатација недвосмислено нè тера да подвлечеме дека ушурот во најголем број случаи не бил „десеток" или земање едно на 10, туку значел поголем износ кој можел да се движи дури и до 50% од приходите.

На крајот да одбележиме дека покрај горепримедените давачки во пописните дефтери, на пример од XVI век, се регистрирани и следните: данок за воденици кои работеле преку цела година се давал во износ од 30 акчиња. За оние воденици, што работеле половина година, како и за валавиците, се земало по 15 акчиња. На територијата на Кичевската нахија имало мошне голем број воденици и сите тие се регистрирани во пописните дефтери со ознака на износот на годишниот данок. Прилично се застапени даноците за разни видови овошје, за бостани, за свадбарина, за пасишта и ливади, за разни глоби, за сено, слама, коноп, градинарски култури (лук, кромид, зелки) и слично. Меѓутоа, сите овие давачки се минимални и во споредба за оние за кои зборувавме незначителни.

### Некои податоци за текето (завие) што се наоѓало близу до селото Брод

Први податоци за ова теќе среќаваме во пописниот дефтер од 1528 година. Од тие податоци е евидентно дека текето било регистрирано и во претходниот пописен дефтер. Од кога е тој претходен попис, не знаеме точно, но со сигурност можеме да претпоставиме дека е од интервалот меѓу 1481 и 1528 година. Текето е регистрирано со две имиња како „теќе на Х'з'р-баба" (во народот познато како Адр-баба) и второ име „Никола-баба". Текето се наоѓало во близината на селото Брод. Во пописот од 1528 година, покрај старешината на текето по име Хасан син на Хусеин, дервиш, се регистрирани уште три други лица што биле на служба во самото теќе и живееле во него. Во ова време текето било должно на непосредниот феудален господар да му дава годишно сума од 25 акчиња на име ушур од жита, ушур од лозја и данок за воденица.

Податоците од следните пописни дефтери од 1545 и 1569 година се нешто пообилни и од нив може да се дознае нешто повеќе за самото теќе. Така, на пример, во текстот кај регистрираното теќе од 1545 година се говори за тоа дека текето (завието) Х'з'р-баба имало и втор назив „Никола-баба", дека споменатото завие го подигнал во близината на селото Брод некој дервиш познат како Х'з'р-баба и дека со доаѓањето во него на разни верници станало свето место. Во текстот буквално стои и следното: „Во стариот султански пописен дефтер е регистрирано дека не треба на текето да му се земаат ушур и даноци од ниви, лозја, градини, шуми, воденици и ливади". За време на пописот од 1545 година била извршена проверка и тогаш било установено дека во текето си ја вршел својата должност (служба) во потполност дервишот по име Али-Баба поради што и во новиот султански пописен дефтер од 1545 година се релистрирало дека на текето не треба да му се земаат ушур и даноци од притежаваниот имот. Во продолжение се регистрирани поименично оние лица што биле на служба во самото те-

ќе (завие). Нив ги има 7 на број. Прв е регистриран старешината (шејхот) на текето по име Али-баба. По него следи пописот на шестмина други лица меѓу кои четворица се со титулата „деде“[28] и двајца со „абдал“.[29]

Во продолжение следи насловот „Вакафи на споменатото теќе (завие)“. Приходите од пиртежаваниот имот се ползувале за потребите на самото теќе. Од имотот се регистрирани:ниви, ливади, воденица и шума што се наоѓала близу самото теќе.

Текстот во пописниот дефтер од 1569 година е наполно истоветен со текстот од 1545 година. Што се однесува до лица та што биле со служба во самото теќе, нив сега ги има вкупно девет од кои еден шејх (старешина) на текето по име Вели-деде, потоа следи пописот на четворица други со титула „деде“, како и на други четворица како „абдали“. Што се однесува до вакафскиот имот при завието тој е истиот од 1545 година и се состоел од ниви, потоа од една ливада и една воденица, како и од шума (корија) што се наоѓала близу до самото теќе.

Од гореизложеното за текето треба да констатираме дека во првите децении од неговото создавање, тоа било должно да дава ушур и даноци од притежаваниот имот и дека од средината на XVI век тој имот е увакуфен при самото теќе и тогаш е ослободено од давачки, т.е. приходите се користеле за самото теќе.

Во пописните дефтери од XV и XVI век се регистрирани два манастири на територијата на Кичевската нахија и тоа: манастирот Урашица (или Орашица) кој е постар и го среќаваме во пописот од 1468 година и манастирот Апостол кој го среќаваме за прв пат во 1481 година. Во пописот од 1468 година има податок и за митрополитот во Кичевската нахија. Еве како стои регистрирано во самиот пописен дефтер на 212 лист:

> „Митрополитот Митрофан притежава висока наредба од нашиот султан за да биде митрополит на свештениците во Кичевската нахија. Истиот се ослободува од сите редовни и вонредни државни даноци“.

Што се однесува до податоците за двата споменати манастири во Кичевско тие се мошне оскудни. Манастирот Урашице (Орашице) за време на пописот е регистриран непосредно по пописот на селото Брод. Веројатно истиот се наоѓал во близината на Брод. Овој манастир го среќаваме во пописните дефтери од 1468, 1481, и 1528 година, додека во дефтерите од 1545 и 1569 година повеќе не го среќаваме.

Годишните давачки на манастирот, што му следеле на непосредниот феудален господар, се движат од 150—196 акчи-

[28] ДЕДЕ (dede) — Титула што се давала на припадници во дервишкиот ред.

[29] АБДАЛ (abdal) — Назив за дервиш кој изведувал некои нивни ритуали; будала, луд идиот.

ња. Така, на пример, во 1468 година во самиот манастир имало двајца свештеници, т.е. калуѓери и годишните обврски изнесувале 196 акчиња, во 1481 година тој износ е 150, а во 1528 година 152 акчиња. Во 1481 година меѓу давачките се регистрирани: ушур од жита, ушур од лозја, ушур од улишта. ушур од градинарски култури, како и од овошје (круши, јаболка и ореви). Поаѓајќи од годишниот износ на давачките на непосредниот феудален господар, може да се заклучи дека имотот со кој располагал манастирот бил мошне скромен.

Манастирот Апостол за прв пат го среќаваме во 1481 година регистриран на фотокопијата број 223 како Апостолос. Во следните пописи од 1528 1545 и 1569 е регистриран како Апостол. Во 1481 година годишните обврски на овој манастир изнесуваат 150 акчиња и тие се вклучени, т.е. сумирани заедно со давачките на село Требино. Во 1528, 1545 и 1569 година манастирот Апостол е регистриран по селото Орланци што значи дека местоположбата на овој манастир би требало да биде негде во близината на селото Орланци. Во 1528 и 1545 година во манастирот имало само еден калуѓер. Манастирот има мезра (обработлива површина) која била обработувана од жителите од околните села. Годишните давачки се состојат од два товари жито во износ од 60 акчиња, ушур од лозја во износ од 150 акчиња, ушур од улишта 4, од бостан 2 акчиња и извесна сума од овошни дрвца која е нечитлива во самиот дефтер. Податоците во 1528 и 1545 година се наполно исти, со таа разлика што двата товари жито во 1545 година се пресметувале по 70 акчиња, додека во 1525 година чинеле 60 акчиња. Во 1569 година давачките се состојат како и порано од жито, лозја, улишта и од градинарски култури. Од износот на годишните обврски на двата манастира во Кичевската нахија сосем е евидентно дека истите располагале со мошне скромен земјишен и друг имот.

## Население со специјални задолженија во Кичевската нахија

Под населението со специјални задолженија ќе бидат опфатени: дервенџиите, војнуците и соколарите што се среќаваат на територијата на Кичевската нахија во текот на XV иXVI век.

За дервенџиите и дервенџиството во Македонија досега е прилично пишувано. За овој проблем се говори во разни статии што се објавени во списанијата: Гласник, орган на Инст. за нац. историја. потоа во Прилози на МАНУ, како и во списанието „Историја". Посебна исцрпна студија за дервенџиството во Македонија е објавена од д-р Александар Стојановски во 1971 година во која се опфатени и дервенџиските села што биле на територијата на Кичевската нахија. Ние во нашето излагање за дервенџиските села во Кичевската нахија ќе се задржиме на не-

8*

кои поспецијални работи за кои на пример, другарот Стојановски не говори во посебниот дел каде што е прикажан развојниот пат на дервенциските села по однос на движењето на составот на населението и вкупниот износ на годишните давачки на дервенциското население на непосредниот феудален господар изразен парично. Поспецифичните појави на дервенциските села во однос на обврските или компензациите за исполнувањето на дервенциската служба, другарот Стојановски ги има воопштено и доволно истакнато како такви во општиот дел од неговата студија. Зборувајќи за дервенциските села и дервенциите во Кичевската нахија, ние во најстегната форма ќе го прикажеме она што е најбитно и типично како појава конкретно во таквите села во Кичевско.

Во втората половина од XV век на територијата на Кичевската нахија имало 12 дервенциски села. Десет од нив се опфатени и регистрирани во пописниот дефтер за Кичевската нахија од 1468 година, а две села (Сретково и Локавица) во ова време се опфатени во пописот на Скопската нахија, иако спаѓале во Кичевската.

Во 1468 година дервенциски села се: Иванчишта, Цер, Лопушник, Елеховец, Петров Крст, Буковик, Сушица, Тресонче. Јаворец, Барбарас, Сретково и Локавица. Местоположбата и дервенциската служба на сите овие села, како и за нивното постоење или исчезнување е прикажана во посебниот дел од студијата на Александар Стојановски. Од приведените села само пет се нешто поголеми и имаат 18—57 семејства најмногу. Така, на пример, селото Барбарас било најголемо и имало 57 семејства. Селото Сретково имало 23, селата Локвица и Елховец имале по 20, а селото Лопушник 18 семејства. Во другите села имало од 3—13 семејства. Годишните обврски кон непосредните феудални господари изразени парично во 1468 година се движат од 50—1220 акчиња максимум. Во пописниот дефтер е внесена само вкупната сума за секое село со ознака дека во нив е вклучена и давачката наречена „испенце“ во износ од 10 акчиња за секој од регистрираните старешини на семејства и неженети а работоспособни.

Податоците за дервенциите и дервенциските села во текот на XV век се многу оскудни. За некои од споменатите села како што биле Тресонче, Јаворец, Сушица и Петров Крст, кои имале од 3—8 семејства, се поставува прашање како можеле да ја вршат дервенциската служба која била мошне напорна и барала постојана будност.

Во текот на XVI век бројот на дервенциските села е смален од 12 на 8, така што селата Цер, Лопушник, Јаворец и Петров Крст повеќе не се регистрирани како дервенциски, што е знак дека нивната дервенциска служба престанала. Како ново дервенциското село во XVI век се јавува Буково и така вкупниот број во ова време е 9.

За разлика од XV век кога дервенциските села биле должни да исполнуваат дервенциска служба во целост, во XVI век се врши извесна реорганизација на таа служба така што од вкупниот број на регистрираните жители во дервенциските села во Кичевската нахија се одредувале 30 души кои требало да ја исполнуваат таа должност. Нивните имиња се посебно регистрирани и за нив најчесто е кажано која е нивната должност, а како компензација за истата се приведуваат предвидените давачки на феудалниот господар најчесто во намален износ, како и за целосно ослободување од редовни и вонредни државни даноци. Другите регистрирани жители што биле преку 30, во дервенциското село, си ги давале во потполност сите натурални и парични давачки како на спахијата така и на државата. Тие се третирани како обична раја. Во пописните дефтери во XVI век посебно кај секое дервенциско село се регистрирани разни давачки на дервенциите и нивниот вкупен износ е изразен парично, а по нив следат давачките на прекубројните жители третирани како обична раја. За разлика од пописните дефтери од XV век, во XVI век во секое дервенциско село има текстуална содржина која е мошне интересна и од неа може да се види дека не се третирани исто сите дервенциски села и дека во однос на данокот за испенце како и за ушурот од жита, за некои од нив се движат во рамките на дервенциските прописи, додека кај други има отстапувања од тоа и износот е нешто поголем или просто се движи во рамките на давачките на обичната раја. Тоа нешто најрано ќе го видиме и од самите текстови. Текстот во првото дервенциско село во пописните дефтери од 1545 и 1569 година е истоветен и гласи:

> „Селото Буково е дервенциско село. Спаѓа кон (нахијата) Кичево. Ова споменато село е дервенциско уште од порано. Бидејќи е нужно и понатака да биде како такво, согласно (царската) наредба за 30 души се предвидени давачки според дервенциските прописи. Оние жители што се преку 30, се сметаат како обична раја и тие го даваат испенцето, ушурот и другите даноци, како и другата (недервенциска) раја. Бидејќи ова нешто е регистрирано во претходниот пописен дефтер, истото се внесе и во новиот царски пописен дефтер“.[30]

Триесеттемина дервенции што се поединечно регистрирани во двата пописни дефтери се задолжени годишно со по 10 акчиња на име данок наречен испенце. На име ушур од жита се задолжени сите 30 души со 15 товари пченица и 15 товари јачмен, односно мешано жито. Според тоа, секој дервенција

[30] TAPU DEFTER (Пописен дефтер) № 232. Под реден број 2 и № 190 под реден број 3.

годишно е должен на непосредниот феудален господар да му даде 1/2 товар пченица и 1/2 товар јачмен. Покрај овие две давачки кај дервенциите се регистрирани уште и следните: ушур од лозја земан во натура како вино, данок за 6 воденици, такса за вино што е внесено однадвор, данок за свињи, за свадбарина, за полјачина и за земјарина. Проценти во пари сите давачки изнесуваат 1500 акчиња.

Текстуалната содржина кај следното дервенциско село, наречено Елховец, е потполно иста како и кај првото. Меѓутоа, во пописниот дефтер од 1569 година ушур од пченицата изнесува 25 товари, а не 15 како што би требало да стои. Може да се претпостави дека е во прашање „lapsus calami"на самиот попишувач. Меѓу другите давачки кај ова село се среќава и ушур од улишта.[31]

Дервенциското село Локвица, иако во 1545 и 1569 година имало помалку од 30 семејства во текстот кај двата пописни дефтери стои следното:

> „Селото Локвица е дервенциско село. Триесет души се одредени за дервенции и секој од нив дава по еден денк пченица и по еден денк јачмен, како и по 10 акчиња на име испенџе. Ако има повеќе од 30 души во селото, тие како и другата раја, даваат ушур и испенџе во потполност. Бидејќи така е заведено во стариот пописен дефтер, истото се внесе и во овој нов пописен дефтер".[32]

Во 1545 година во селото се регистрирани 20 старешини на семејства и една вдовица. Дваесетте души се задолжени со по 10 товари пченица и по 10 товари мешано. Еден денк претставува 1/2 товар. Секој од регистрираните е задолжен по 10 акчиња за испенџе. Покрај ушурот од жита и испенџето регистрирани се и други давачки како што е ушурот од улишта, данок за свињи, нијабет, свадбарина и друго. Сите давачки пресметани во пари изнесуваат во 1545 година 868 акчиња. Во 1569 година селото имало 26 старешини на семејства и една вдовица. Меѓутоа, во давачките се внесени 15 товари мешано, т.е. попишувачот пресметал дека во селото има 30 дервенции, а нив ги има 26 регистрирани и би требало да стои 13 товари пченица и 13 товари мешано жито. Заедно со другите давачки дервенциското население е задолжено со 1648 акчиња годишно.

Од текстот на следното дервенциско село наречено Буковик дознаваме дека ова село вршело дервенциска служба уште од порано и бидејќи имало потреба да продолжи со таа служба, била издадена посебна царска наредба со која биле одредени 30 души за таа служба. Секој од нив имал да дава по 10

---

[31] TAPU DEFTER № 190 под реден број 16 и № 232 под реден број 121.

[32] T. D. № 190 под реден број 78 и № 232 под реден број 77

акчиња за испенџе. Што се однесува до ушурот од жита, споредувајќи ги текстовите од 1545 и 1569 година, можевме да констатираме дека попишувачот во самиот текст од 1569 година направил грешка, бидејќи ставил дека секој од регистрираните дервенџии требало да даде по 1 денк пченица и по 1 денк јачмен. Меѓутоа, при внесувањето на оваа давачка во самиот дефтер тој ставил дека сите 30 души се задолжени со $7\frac{1}{2}$ товари пченица и $7\frac{1}{2}$ товари јачмен (или мешано жито) што не одговара на она што е во самиот текст. Зашто ако требало секој да даде по 1 денк пченица и по 1 денк јачмен, тогаш би требало да бидат задолжени со по 15 товари пченица и 15 товари јачмен. Во пописниот дефтер од 1545 година попишувачот во текстот ставил дека секој дервенџија треба да даде 1 денк пченица и јачмен. Кај самите давачки има уште подобро појаснето, ставајќи дека секој дервенџија давал „по половина денк пченица и половина денк јачмен".[33] Вкупните давачки само на дервенџиите во 1545 година изнесуваат 827, а во 1569 година 890 акчиња.

Под реден број 86 како во 1545 така и во 1569 година е даден пописот на дервенџиското село Иванчишта. Текстот под самото село во двата дефтера е истоветен. Во него се говори за тоа дека 30 души биле одредени за дервенџии, кои давале по 25 акчиња на име испенџе, по 1 товар (yuk)[34] пченица и по 1 товар јачмен. Како противредност за нивната дервенџиска служба тие се ослободени од сите редовни и вонредни државни даноци.

Од содржината на текстот се гледа дека дервенџиите испенџето го давале по полн износ, а што се однесува до ушурот од жита, тој е двојно поголем од претходно споменатите села.

Во пописниот дефтер од 1545 година поединечно се регистрирани 30 семејства 2 неженети и 1 вдовица. Имајќи предвид дека во текстот стои дека биле одредени 30 души за дервенџиска служба, би требало кај давачките за жито да стои 30 товари пченица и 30 товари јачмен. Меѓутоа, во дефтерот стои 28 товари пченица и 28 товари мешано жито. Не може да се разбере зошто се покажани 28 души а не 30. Во пописниот дефтер од 1569 година данокот испенџе е пресметан по 10 акчиња од лице, т.е. за 30 души се внесени 300 акчиња, иако во текстот стои дека биле должни да даваат по 25 акчиња. Очигледно е дека и во овој случај попишувачот згрешил. Дервенџиите од ова село го чувале патот што водел од Кичево за Коџаџик.[35]

---

[33] T. D. № 232 и № 190 под реден број 86.

[34] ЈУК (yük) — товар.

[35] Спореди ги податоците за селото Иванчиште во пописните дефтери № 232 и №190 дадени под реден број 88.

Дервенциското село Барбарас е регистрирано во двата пописни дефтери од XVI век под реден број 129. Во текстовите стои дека селото било уште од порано дервенциско и дека 30 души вршеле дервенциска служба и дека нивните давачки требало да се сообразат според обичаите, т.е. прописите за дервенциските села. Од самите давачки се гледа дека предвидените 30 души плаќале по 10 акчиња за испенџе, како и по половина товар пченица и по половина товар јачмен (мешано).[36] Дервенциската служба се состоела во чувањето на патот што водел од Прилеп за Кичево. Заслужуваат посебно внимание текстовите од 1545 и 1569 година кај дервенциското село Сретково. Во текстот од 1545 година се говори за тоа дека селото не се наоѓало на опасен пат, затоа дервенциските давачки во тоа време му биле укинати на определените 30 души за дервенции, а биле ослободени само од редовни и вонредни државни даноци. При крајот од текстот е изрично нагласено дека испенџето, ушурот и другите давачки ги давале во потполност.

Во текстот од 1569 година буквално стои следното:

> „Селото Сретково е дервенциско село кое спаѓа кон Кичево (Кичевска нахија — М. С) Бидејќи споменатото село се наоѓа на опасно место, одредени се 30 души за дервенции. Секое домаќинство на женет дава по 10 акчиња на име испенџе, по две кила пченица и по две кила јачмен. Ослободени се од давање иузул,[37], веслари, черахори[38] и од учество во воени походи, како и од сите редовни и вонредни државни даноци. Оние што се над 30 даваат по 25 акчиња на име испенџе, а ушурот и аваризот го даваат во потполност".

Ако се споредат текстовите од 1545 и 1569 година ќе се констатира следното: дека во 1545 година предвидените дервенции се ослободени само од редовни и вонредни државни даноци, додека другите давачки што му следеле на непосредниот феудален господар (испенџето, ушурот и друго) ги давале во потполност. Во 1569 година дервенциите се обложени со по 10 акчиња за испенџе, како и со по 2 кила пченица и по 2 кила јачмен. Помеѓу самите давачки во 1569 година испенџето за 30 души изнесува 300 акчиња, ушурот од пченица изнесува 30 товари и ушурот од јачмен исто така 30 товари.[39] Од оваа количина на житото произлегува дека 2 кила биле рамни на 1 товар, односно дека 1 кило било рамно на еден денк. Дервенциите од ова село го чувале патот што води од Кичево за Тетово.

---

[36] Т. D. № 232 и № 190 под реден број 129 во двата дефтери.

[37] НУЗУЛ (nuzul) — Назив за државен данок што се собирал во натура за потребите на војската за време на војна.

[38] ЧЕРАХОР (çerahor) — Назив за мајстори од разни занаети што биле ангажирни најчесто при изградба или поправка на крепости, за копање на ровови, поправка на мостови и слично.

[39] Т. D. № 232 и № 190 под реден број 130.

Во следното дервенџиско село наречено Сушица, иако се регистрирани 25 семејства, 3 неженети и 1 вдовица, во текстот стои дека биле одредени 30 души за дервенџии, а толку фактички нема. Обврските биле сообразени според „дервенџиските обичаи" (прописи), а тоа би значело по 10 акчиња за испенџе и по 1 денк, т.е. половина товар пченица и половина товар јачмен. Во 1545 година со испенџе се обложени само 25 семејства на број со 250 акчиња, додека неженетите и вдовицата не се обложени со испенџето, што секако не е во ред и сигурно дека е пропуст на попишувачот. Ушурот од пченицата изнесува 14 товари што значи дека тројцата неженети се третирани како семејства, што секако пак не е во ред. Ушурот за јачмен изнесува исто така 14 товари.

Во 1569 година се регистрирани 30 семејства одредени за дервенџии, како и 6 неженети кои не се дервенџии. Испенџето изнесува вкупно 300 акчиња, додека количината на жито како ушур не може да се установи, бидејќи е дадена заедно со давачката на оние што не биле дервенџии. Територијално ова село спаѓало кон Река и го чувало патот што водел за Тетово.[40]

Последното дервенџиско село што се среќава во текот на XVI век во интервалот меѓу 1545 и 1569 година е селото Тресонче. Текстуалната содржина кај ова село е истоветна со онаа кај селото Сушица. Определените 30 души за дервенџии ги давале давачките според „дервенџиските обичаи". Во 1545 година селото имало вкупно 37 семејства и 3 неженети. Триесетте души плаќале по 10 акчиња годишно на име испенџе, како и по половина товар пченица и по половина товар јачмен. Во 1569 година селото имало вкупно 38 семејства и 9 неженети. Од нив 30 души се одредени за дервенџии задолжени со по 10 акчиња за испенџе, како и со по 15 товари пченица и со по 15 товари јачмен.[41]

Приврлувајќи го излагањето за дервенџиите во Кичевската нахија, можеме да го заклучиме следното: износот на давачките испенџе и ушур од жита што му следеле на непосредниот феудален господар бил зависен од тоа на какво место се наоѓа селото и дали дервенџиската служба е потешка или полесна. Ако службата била потешка, тогаш испенџето изнесувало 10 акчиња годишно, а ушурот од жита најчесто по половина товар пченица и половина товар мешано жито или јачмен. Во исклучителни случаи ушурот од жита се давал и по половина денк пченица и половина денк мешано, но има и случаи кога оваа давачка изнесува по 1 товар пченица и по 1 товар мешано. Ако пак дервенџиската служба се сметала за лесна, во

---

[40] T. D. № 232 и № 190 под реден број 156.
[41] T. D. № 232 и № 190 под реден број 157.

тој случај испенџето и ушурот за жита се давал во потполност како што ги давала останатата недервенџиска раја. И во едниот и во другиот случај дервенџиите биле ослободени од сите редовни и вонредни државни даноци, како и од некои други обврски како што било давањето нузул, черахори, веслари, учество во воени походи и слично, како компензација за вршењето на дервенџиската служба. Цитираните тексови што се наоѓаат кај дервенџиските села во Кичевската нахија се мошне карактеристични и интересни, така што од нив може да се согледа разликата што постоела меѓу одделни села во однос на обврските кон непосредниот феудален господар.

Што се однесува до другите жители со специјални задолженија на територијата на Кичевската нахија како што се соколарите и војнуците, податоците за нив се мошне оскудни во пописните дефтери од XV и XVI век и затоа на нив ќе се задржиме повеќе регистраторски, бидејќи за организацијата на соколарите и војнуците досега прилично е пишувано во разни други статии и публикации.

Така, на пример, во пописниот дефтер од 1468, како и од 1481 година, среќаваме податок дека жителите од селото Орланци порано биле војнуци, а за време на пописот од 1468 година тие се вклучени во еден заеднички тимар што му бил доделен на шестмина муслимани што вршеле служба во тврдината Коџаџик. Во 1481 година се регистрирани и два колективни тимари на војнуци, што е како податок мошне интересен. Во првиот се опфатени 6 души војнуци и тоа: Јован син на Мелко, Бежан негов брат, Никола негов брат, Иван син на Мелко, Рале син на Радомир и Милош син на Рале. Во текстот што следи стои: „Споменатите се војнуци. Во текот на годината еден од нив учествува во војна како џебелија. Бидејќи споменатиот Никола умре, на негово место дојде Радич син на Стрезо“.[42]

Во вториот колективен тимар се регистрирани: Сарандин брат на Степан, Бежан син на Степан, Дене син на Којо, Братан брат на Петко, Ѓуро брат на Дене и Стојан син на Жорко (последниов бил внесен на местото на некој Јонко, кој веројатно умрел). За сите овие во дефтерот стои дека се војнуци и дека во текот на годината еден од нив учесвува во војна како џебелија.[43]

Во текот на 1545 годиа војнуци се среќаваат во 13 села и во градот Кичево каде се регистрирани 33 души, а во 1569 година се среќаваат само во две села и тоа во селото Храстеш петмина и тројца од селото Трапчин Дол. За војнуците од Трапчин Дол во пописниот дефтер стои дека тие на непосредниот феудален господар-спахијата, му давале испенџе, ушур од

---

[42] Т. D. № 16 — фотокопија број 271.
[43] IBID.

жита и лозја, ушур од улишта, данок за свињи, за свадбарина и нијабет во вкупен износ од 500 акчиња годишно.

Што се однесува до соколарите во текот на XV век ние ги среќаваме во пописниот дефтер од 1481 година. Така, на пример на фотокопијата број 213 е регистриран еден џемат[44] на соколари од селото Дреново и тоа: Ѓуро син на Радош и Продан син на Столе. На фотокопијата 214 е регистриран втор џемат на соколари во кој се вклучени само двајца и тоа: Бошко син на Рале и Рале син на Раде, како и два соколари од селото Гарје по име Марко син на Гоне.

Сите гореприведени соколари биле приклучени кон румелискиот беглербег и тие биле задолжени, т.е. обложени со ушур од жита, ушур од улишта и данок за овци.

На фотокопијата 218 се регистрирани деветмина соколари кои биле приклучени исто така кон беглербегот. Меѓутоа, за овие изрично е нагласено дека ушурот му го давале на субашијата, а другите даноци на беглербегот.

Во 1481 година се регистрирани уште во селото Солб тројца, во селото Бачишта 2, во селото Лесковец 3. Сите овие биле приклучени кон беглербегот.

Во 1545 година во селото Речани се регистрирани 16, а во селото Лесковец 7 соколари. Во 1569 година се регистрирани само петмина соколари од селото Солб.

Поопстоној за населенијата со специјални задолженија, и тоа: за Дервенџиството види во студијата на Д-р Александар Стојановски, Дервенџиството во Македонија, Скопје 1974, за војнуците во студијата на Д-р Бранислав Ђурђев, О војнуцима, Сарајево 1947 година, за соколарите во статијата „Градско и селско население со специјални задолженија во дел од Охридскиот санџак", ГЛАСНИК на инст. за национална историај, Год. X, 1966, од М. Соколоски.

На крајот даваме табеларен преглед за составот на населението во Кичевската нахија на XV и XVI век. Податоците се извлечени од четири опширни пописни дефтери и тоа од — 1468, 1481, 1545 и 1569 година. Преку приложените статислички податоци може да се проследи развојниот пат на сите населби на територијата на Кичевската нахија. Секако од посебна важност е кога се појавува муслиманскиот елемент во населените места во Кичевската нахија и каков е неговиот развоен пат, имајќи ја предвид и појавата на исламизацијата на македонскиот христијански елемент.

---

[44] ЏЕМАТ (Cemmat) — група; конфесионална група.

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД

За составот на населението во Кичевската нахија во XV век

| Ред. број | Име на населбата | Во 1468 години — Христијански — Семејства | Во 1468 години — Христијански — Неженети | Во 1468 години — Мислимани — Семејства | Во 1481 год. — Христијани — Семејства | Во 1481 год. — Христијани — Неженети | Во 1481 год. — Муслим. Семејст. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1 | Градот КИЧЕВО | 173 | 12 | 31 | 185 | | 31 |
| 2 | Село АРХАНЃЕЛ | 46 | 9 | — | 74 | | — |
| 3 | —„— БАРБАРАС | 57 | 5 | — | 106 | | — |
| 4 | —„— БАЧИШТА | 34 | 3 | — | 72 | | — |
| 5 | —„— БЕЛИЦА | 69 | 4 | — | 35 | | — |
| 6 | —„— БЕЛИЦА ДОЛНА | 14 | 1 | — | 14 | | — |
| 7 | —„— БЕЛИЦА ГОРНА | 19 | 2 | — | 27 | | — |
| 8 | —„— БЕЛУШИНО | 30 | 3 | — | 42 | | — |
| 9 | —„— БЕНЧЕ | 63 | 5 | — | 14 | | — |
| 10 | —„— БЕРИКОВО | 7 | 1 | — | 16 | | — |
| 11 | —„— БИТОВО | 10 | 3 | — | 15 | | — |
| 12 | —„— БЛИЗАНСКО | 45 | 6 | — | 39 | | — |
| 13 | —„— БОТУШЕ | 57 | 4 | — | 79 | | — |
| 14 | —„— БРЕЗНИЦА | 8 | 1 | — | 16 | | — |
| 15 | —„— БРЕКИНО | 20 | 3 | — | 27 | | — |
| 16 | —„— БРЖДАНИ | 4 | — | — | 7 | | — |
| 17 | —„— БРЕСТ | 13 | 2 | — | 22 | | — |
| 18 | —„— БРОД | 15 | 2 | — | 17 | | — |
| 19 | —„— БУКОВИК | 20 | 4 | — | 29 | | — |
| 20 | —„— БУКОВИЧАНИ | 73 | 6 | — | 67 | | — |
| 21 | —„— В'ЛЧЕВО | — | — | — | 14 | | — |
| 22 | —„— В'ЛКОВЕЦ | 17 | 2 | — | 18 | | — |
| 23 | —„— ВИДРАНИ | 8 | 1 | — | 16 | | — |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 24 | —„— ВИР | 5 | — | — | 5 | | — |
| 25 | —„— ВЛАШЧАНИ | 12 | 1 | — | 34 | | — |
| 26 | —„— ВРАНЕШТИЦА | 49 | 3 | — | 78 | | — |
| 27 | —„— ГАРАНИ | — | — | — | 1 | | — |
| 28 | —„— ГРАДЕШТИЦА | 65 | 8 | 1 | 86 | | — |
| 29 | —„— ДВОРЦЕ | 30 | 4 | — | 40 | | — |
| 30 | —„— ДИМИТРОВ ДОЛ | 22 | 2 | — | 33 | | — |
| 31 | —„— ДИМИТРИ КРСТ | 6 | — | — | 8 | | — |
| 32 | —„— ДЛАБОКИ ДОЛ | 7 | 1 | — | 26 | | 1 |
| 33 | —„— ДОБРЕНОВЕЦ | 4 | — | — | 5 | | — |
| 34 | —„— ДОЛЕНЦИ | 60 | 7 | — | 88 | | — |
| 35 | —„— ДРЕНОВО | 13 | 2 | — | 36 | | — |
| 36 | —„— ДРМНИК | 3 | — | — | 2 | | — |
| 37 | —„— ДУШЕЦ | 50 | 3 | — | 78 | | — |
| 38 | —„— ЕЛХОВЕЦ | 20 | 2 | — | 20 | | — |
| 39 | —„— ЕРИНОВЦИ | 21 | 2 | — | 28 | | — |
| 40 | —„— ЖУБРИНО | 2 | — | — | 1 | | — |
| 41 | —„— ЗАГРАД | — | — | — | 9 | | — |
| 42 | —„— ЗАЈАС | 73 | 9 | — | 96 | | — |
| 43 | —„— ЗАПОЛОЖАНИ | 5 | — | — | 4 | | — |
| 44 | —„— ЗВЕЧАНИ | 19 | 1 | — | 25 | | — |
| 45 | Село ЗДУЊЕ | 20 | 4 | — | 30 | | — |
| 46 | —„— ЗЛОБУЖДА | 10 | 2 | — | 16 | | — |
| 47 | —„— ЗРКЛЕ | 9 | 1 | — | 10 | | — |
| 48 | —„— ИВАНДОЛ | — | — | — | 6 | | — |
| 49 | —„— ИВАНЧИШТЕ | 11 | 1 | — | 16 | | — |
| 50 | —„— ЈАВОР | 4 | — | — | 9 | | — |
| 51 | —„— ЈУДОВО | 19 | 2 | — | 23 | | — |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 52 | —„— КАЛАНИ | 14 | 2 | — | 18 | | — |
| 53 | —„— КАЛУГЕРЕЦ | 9 | 1 | — | 8 | | — |
| 54 | —„— КАРБУНИЦА | 18 | 2 | — | 30 | | — |
| 55 | —„— КЛАДНИК | 9 | 1 | — | 12 | | — |
| 56 | —„— КЛЕНОЕЦ | 42 | 1 | — | 28 | | 1 |
| 57 | —„— КНЕЖИНО | 32 | 2 | — | 28 | | — |
| 58 | —„— КОВАЧ | 24 | 2 | — | 30 | | — |
| 59 | —„— КОЗИЦА | 15 | 1 | — | 21 | | — |
| 60 | —„— КОЛАРИ | 46 | 2 | — | 62 | | — |
| 61 | —„— КОСОВО | 18 | 3 | — | 25 | | — |
| 62 | —„— КОШАРАНИ | 26 | 2 | — | 27 | | — |
| 63 | —„— КОШЕНЦИ | 6 | 2 | — | 7 | | — |
| 64 | —„— КРАПА | 45 | 3 | — | 53 | | — |
| 65 | —„— КРАСТИЦА | 28 | 2 | — | 34 | | — |
| 66 | —„— КРКОРНИЦА | 35 | 2 | — | 46 | | — |
| 67 | —„— КРУШИЦА | 29 | 3 | — | 67 | | — |
| 68 | —„— КРУШЈЕ | 38 | 3 | — | 38 | | — |
| 69 | —„— КУНОВО | 34 | 2 | — | 45 | | — |
| 70 | —„— ЛАЖАНИ | 8 | 1 | — | 8 | | — |
| 71 | —„— ЛАЗАРОВЦИ | 29 | 2 | — | 39 | | — |
| 72 | —„— ЛЕСКОВЕЦ | 12 | 1 | — | 18 | | — |
| 73 | —„— ЛЕШНИЦА | 15 | 1 | — | 29 | | — |
| 74 | —„— ЛИСИЧАНИ | 44 | 4 | — | — | | — |
| 75 | —„— ЛОКВИЦА | 14 | 1 | — | 16 | | — |
| 76 | —„— ЛОПУШНИК | 18 | 2 | — | 20 | | — |
| 77 | —„— ЛУКАВИЦА | 28 | 2 | — | 36 | | — |
| 78 | —„— ЛУКОВЕЦ | 18 | 2 | — | 25 | | — |
| 79 | —„— ЛУБОВО (?) | — | — | — | 23 | | — |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 80 | —„— ЛУПШТЕ | 23 | 2 | — | 20 | | — |
| 81 | —„— ЛУТЕВИШТЕ | 4 | 1 | — | — | | — |
| 82 | —„— МАНАСТИРЕЦ | 58 | 6 | — | 60 | | — |
| 83 | —„— МИРИШТЕ | 28 | 2 | — | 36 | | — |
| 84 | —„— МИДИНЦИ | 30 | 3 | — | — | | — |
| 85 | —„— МИРКОС (?) | 1 | 1 | — | 3 | | — |
| 86 | —„— МИРОВДОЛ | 18 | 2 | — | 27 | | — |
| 87 | —„— МОГИЛЕЦ | 50 | 4 | — | 54 | | — |
| 88 | —„— МОДРИШТЕ | 16 | 1 | — | 15 | | — |
| 89 | —„— МОЖИЛОВЦИ | 12 | 1 | — | 22 | | — |
| 90 | —„— МОКРОСЕК | 19 | 1 | — | 27 | | — |
| 91 | Село НЕОКАЗИ | — | — | — | 14 | | — |
| 92 | —„— ОРЛАНЦИ | 97 | — | — | 120 | | — |
| 93 | —„— ОСЛОМЕЈ | 40 | 3 | — | 49 | | — |
| 94 | —„— ПАВЛИ ДОЛ | 10 | 1 | — | 17 | | — |
| 95 | —„— ПАПРАДИШТЕ | 7 | 1 | — | 9 | | — |
| 96 | —„— ПЕПЕЛИШТА | 14 | 1 | — | 13 | | — |
| 97 | —„— ПЕТРОВО | 28 | 1 | — | 29 | | — |
| 98 | —„— ПЕТРОВ КРСТ | 8 | — | — | 15 | | — |
| 99 | —„— ПРТРО ПОЛЕ | 8 | 2 | — | 11 | | — |
| 100 | —„— ПЛАСНИЦА | 32 | 4 | — | 25 | | — |
| 101 | —„— ПОДВИЖДЕ | 10 | 1 | — | 15 | | — |
| 102 | —„— ПОПОВЈАНИ | 20 | 3 | — | 32 | | — |
| 103 | —„— ПОПОЛЖАНИ | 10 | 2 | — | 25 | | — |
| 104 | —„— ПОПОВЕЦ | 8 | 1 | — | 6 | | — |
| 105 | —„— ПРЕГЛЕВО | 30 | 2 | — | 42 | | — |
| 106 | —„— ПРЕМКА | 77 | 5 | — | 123 | | — |
| 107 | —„— РАМНЕ | 9 | 2 | — | 15 | | — |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 108 | —„— РАБЕТИНО ДОЛНО | 32 | 2 | — | 39 | | — |
| 109 | —„— РАБЕТИНО ГОРНО | 25 | 3 | — | 27 | | — |
| 110 | —„— РАХОВЕЦ | 15 | 3 | — | 25 | | — |
| 111 | —„— РЕЧАНИ | 93 | 4 | — | 107 | | — |
| 112 | —„— РЕЧАНИ, познато уште и како СТУДЕНА | 22 | 1 | — | 28 | | — |
| 113 | —„— РУСЈАК | 7 | — | — | 6 | | — |
| 114 | —„— СВИНИШТА | — | — | — | 25 | | — |
| 115 | —„— СВЕТА НЕДЕЛА | 20 | 1 | — | 18 | | — |
| 116 | —„— СВЕТИ ВРАЧЕ | 56 | 3 | — | 64 | | — |
| 117 | —„— СИБНИЦА | 16 | 2 | — | 26 | | — |
| 118 | —„— СЛАНСКО | 41 | 2 | — | 60 | | — |
| 119 | —„— СЛАТИНА | 55 | 3 | — | 62 | | — |
| 120 | —„— СЕНЧИ | 9 | 1 | — | 20 | | — |
| 121 | —„— СОЛБ | 20 | 2 | — | 29 | | — |
| 122 | —„— СРБИЦА | 83 | 5 | — | 95 | | 1 |
| 123 | —„— СРБИНОВО | — | — | — | 6 | | — |
| 124 | —„— СРБЈАНИ | 44 | 3 | — | 59 | | — |
| 125 | —„— СРЕТКОВО | — | — | — | 24 | | — |
| 126 | —„— СТАРОЕЦ | 45 | 4 | — | 55 | | — |
| 127 | —„— СТРАГОМИШТЕ | 18 | 2 | — | 25 | | — |
| 128 | —„— СТРАЊАНИ | 29 | 2 | — | 46 | | — |
| 129 | —„— СТРЕЛЦИ | 29 | 3 | — | 35 | | — |
| 130 | —„— СУШИЦА, втор назив СТРАГОШТЕ | 36 | 2 | — | 42 | | — |
| 131 | —„— СУШИЦА, дервенциско село | 6 | — | — | 10 | | — |
| 132 | —„— СУШИЦА | 9 | 1 | — | 18 | | — |
| 133 | —„— ПРОТОВЕЦ (?) | 8 | 1 | — | 12 | | — |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 134 | —„— ТАЈМИШТЕ | 62 | 7 | — | 87 | | — |
| 135 | —„— ТОМИНО СЕЛО | 11 | 1 | — | 15 | | — |
| 136 | —„— ТОПИЛНИЦА | 34 | 2 | — | 36 | | — |
| 137 | —„— ТРАПЧИН ДОЛ | 66 | 4 | — | 85 | | — |
| 138 | —„— ТРЕБИНО | 7 | — | — | 12 | | — |
| 139 | —„— ТРЕСОНЧЕ | 3 | — | — | 14 | | — |
| 140 | —„— ТРНОВО | 16 | 3 | — | 22 | | — |
| 141 | —„— ТРСТИЛА | 16 | 2 | — | 21 | | — |
| 142 | —„— ТУХИН | 82 | 4 | — | 100 | | — |
| 143 | —„— ХАТИШТЕ | 11 | 1 | — | 16 | | — |
| 144 | —„— ХРАШТАНИ | 18 | 1 | — | 16 | | — |
| 145 | —„— ХРАШТЕШ | 30 | 6 | — | 40 | | — |
| 146 | —„— ЦЕР | 15 | 1 | — | 12 | | — |
| 147 | —„— ЦРВИЦА | 48 | 3 | — | 74 | | — |
| 148 | —„— ЦРЕШЕВО | 62 | 5 | — | 75 | | — |
| 149 | —„— ЦРМСКО | 11 | 1 | — | 13 | | 2 |
| 150 | —„— ЧЕЛОПЕК | 39 | 2 | — | 59 | | — |
| 151 | —„— ШУТОВ ДОЛ | 55 | 7 | — | 78 | | — |
| 152 | —„— БИГОР (?) | — | — | — | 83 | | — |

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД

За составот на населението во Кичевската нахија во XVI век

| Ред. број | Име на населбата | Во 1545 год. | | | | Во 1569 год. | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Христијани | | Муслимани | | Христ- | | Муслиман. | |
| | | Семејст. | Нежен. | Семејст. | Нежен. | Семејст. | Нежен. | Семејс | Нежен. |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 1 | Градот КИЧЕВО | 41 | 9 | 50 | 20 | 42 | 18 | 80 | 9 |
| 2 | Село АРХАНГЕЛ | 49 | 6 | — | — | 35 | 11 | 1 | — |
| 3 | —„— БАРБАРАС | 42 | — | — | — | 43 | 5 | — | — |
| 4 | —„— БАЧИШТА | 46 | 10 | — | — | 38 | 21 | — | — |
| 5 | —„— БЕЛИЦА | 82 | 8 | — | — | 62 | 28 | — | — |
| 6 | —„— БЕЛИЦА ДОЛНА | 19 | 3 | — | — | 21 | 8 | — | — |
| 7 | —„— БЕЛИЦА ГОРНА | 35 | 3 | — | — | 21 | 14 | — | — |
| 8 | —„— БЕЛУШИНО | 24 | 3 | 1 | — | 16 | 6 | 2 | — |
| 9 | —„— БЕНЧЕ | 20 | 3 | — | — | 20 | 14 | — | — |
| 10 | —„— БЕГЛИШТЕ | 12 | — | — | — | 7 | 8 | — | — |
| 11 | —„— БЕРИКОВО | 38 | 4 | — | — | 30 | 10 | — | — |
| 12 | —„— БИТОВО | 17 | 1 | — | — | 4 | 2 | — | — |
| 13 | —„— БИРИНО | 25 | 3 | — | — | 14 | 15 | — | — |
| 14 | —„— БОТУШЕ | 50 | 6 | — | — | 30 | 26 | — | — |
| 15 | —„— БРЕЗНИЦА | 31 | 3 | — | — | 32 | 14 | — | — |
| 16 | —„— БРЕКИНО | 20 | 3 | — | — | 12 | 13 | — | — |
| 17 | —„— БРЖДАНИ | 14 | 2 | — | — | 8 | 7 | — | — |
| 18 | —„— БРЕСТ | 27 | 6 | — | — | — | — | — | — |
| 19 | —„— БРОД | 19 | 6 | 1 | — | 16 | 14 | 9 | 2 |
| 20 | —„— БУКОВО | 39 | 10 | — | — | 40 | 9 | 1 | 1 |
| 21 | —„— БУКОВИК | 44 | 2 | — | — | 43 | 6 | — | — |
| 22 | —„— БУКОВИЧАНИ | 37 | 6 | — | — | 42 | 18 | — | — |

| 1 | 2 | 3 | 4 | | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 23 | —„— В'ЛЧЕВО | 50 | 3 | — | — | 46 | 37 | — | — |
| 24 | —„— В'ЛКОВЕЦ | 20 | 3 | — | — | 21 | 8 | — | — |
| 25 | —„— ВИДРАНИ | 28 | 4 | — | — | 14 | 15 | — | — |
| 26 | —„— ВИР | 10 | 1 | — | — | 13 | 4 | — | — |
| 27 | —„— ВЛАШЧАНИ | 42 | 1 | — | — | 10 | 17 | — | — |
| 28 | —„— ВРАНЕШТИЦА | 96 | 12 | — | — | 75 | 26 | 2 | — |
| 29 | —„— ГАРАНИ | 7 | — | — | — | 7 | 7 | — | — |
| 30 | —„— ГРАДЕШНИЦА | 48 | 2 | — | — | 56 | 21 | — | — |
| 31 | —„— ГРАДЕШНИЦА МАЛА | 20 | 1 | — | — | 5 | 2 | — | — |
| 32 | —„— ДВОРЦЕ | 27 | 3 | — | — | 21 | 15 | 1 | — |
| 33 | —„— ДИМИТРОВ ДОЛ | 24 | 3 | — | — | 15 | 11 | — | — |
| 34 | —„— ДИМИТРИ КРСТ | 20 | 2 | — | — | 11 | 16 | — | — |
| 35 | —„— ДЛАБОКИ ДОЛ | 18 | 1 | — | — | 24 | 5 | — | — |
| 36 | —„— ДОБРЕНОВЕЦ | 4 | 1 | — | — | 5 | — | — | — |
| 37 | —„— ДОЛЕНЦИ | 59 | 7 | — | — | 29 | 10 | 4 | — |
| 38 | —„— ДРЕНОВО | 17 | 1 | — | — | 30 | 13 | — | — |
| 39 | —„— ДРМНИК | 5 | 1 | — | — | 7 | 6 | — | — |
| 40 | —„— ДУШЕЦ | 78 | 9 | — | — | 37 | 52 | — | — |
| 41 | —„— ЕЛХОВЕЦ | 41 | 9 | — | — | 50 | 11 | — | — |
| 42 | —„— ЕРИНОВЦИ | 9 | 2 | — | — | 8 | 3 | 2 | — |
| 43 | —„— ЖУБРИНО | 8 | — | — | — | 7 | 5 | 1 | — |
| 44 | —„— ЗАГРАД | 15 | 1 | — | — | 21 | 12 | — | — |
| 45 | —„— ЗАЈАС | 44 | 4 | — | — | 31 | 23 | — | — |
| 46 | —„— ЗАПОЛЖАНИ | 3 | — | — | — | 4 | 4 | — | — |
| 47 | —„— ЗВЕЧАНИ | 14 | 1 | — | — | 12 | 11 | — | — |
| 48 | —„— ЗДУЊЕ | 49 | 5 | — | — | 35 | 41 | — | — |
| 49 | —„— ЗЛОБУЖДА | 13 | 1 | — | — | 11 | 4 | — | — |
| 50 | —„— ЗРКЛЕ | 12 | 2 | — | — | 16 | 8 | — | — |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 51 | —„— ИВАНДОЛ | 7 | — | — | — | 1 | — | 1 | — |
| 52 | —„— ИВАНЧИШТЕ | 30 | 3 | — | — | 30 | 12 | — | — |
| 53 | —„— JАВОРЧЕ | 6 | 1 | — | — | 7 | 2 | — | — |
| 54 | —„— JУДОВО | 37 | 3 | — | — | 30 | 29 | — | — |
| 55 | —„— КАЛАНИ | 16 | 1 | — | — | 4 | 7 | 1 | — |
| 56 | —„— КАЛУГЕРЕЦ | 15 | 1 | — | — | 8 | 10 | — | — |
| 57 | —„— КАРБУНИЦА | 34 | 2 | — | — | 19 | 24 | 1 | — |
| 58 | —„— КЛАДНИК | 35 | 5 | — | — | 45 | 13 | — | — |
| 59 | —„— КЛЕНОЕЦ | 22 | 3 | — | — | 31 | 19 | — | — |
| 60 | —„— КНЕЖИНО | 60 | 2 | 1 | — | 24 | 5 | 1 | — |
| 61 | —„— КОВАЧ | 28 | 2 | — | — | 21 | 12 | — | — |
| 62 | —„— КОЗИЦА | 43 | 3 | — | — | 46 | 21 | — | — |
| 63 | —„— КОЛАРИ | 51 | 4 | — | — | 49 | 19 | 1 | — |
| 64 | —„— КОСОВО | 17 | 4 | — | — | 16 | 14 | — | — |
| 65 | —„— КОШАРАНИ | 22 | 4 | 2 | — | 11 | 3 | 3 | — |
| 66 | —„— КОШЕНЦИ | 6 | — | — | — | 4 | 3 | — | — |
| 67 | —„— КРАПА | 71 | 10 | — | — | 40 | 48 | — | — |
| 68 | —„— ГУРГУРИЦА | 50 | 6 | — | — | 45 | 20 | — | — |
| 69 | —„— КРУШИЦА | 58 | 4 | — | — | 21 | 29 | — | — |
| 70 | —„— КРУШJЕ | 46 | 7 | — | — | 42 | 19 | 1 | — |
| 71 | —„— КУНОВО | 41 | 4 | — | — | 26 | 19 | — | — |
| 72 | —„— КРУПИШТА (?) | 38 | 3 | — | — | 13 | 31 | 1 | — |
| 73 | —„— ЛАЗАРОВЦИ | 15 | 8 | — | — | 23 | 12 | — | — |
| 74 | —„— ЛАЗАРОВЦИ МАЛО | 14 | 5 | — | — | 11 | 8 | — | — |
| 75 | —„— ЛАЖАНИ | 4 | — | — | — | 5 | 2 | — | — |
| 76 | —„— ЛЕСКОВЕЦ | 12 | — | — | — | 8 | 3 | — | — |
| 77 | —„— ЛЕШНИЦА | 46 | 6 | — | — | 45 | 33 | — | — |
| 78 | —„— ЛИСИЧАНИ | 36 | 4 | 1 | 1 | 27 | 22 | 3 | — |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 79 | —„— ЛОКВИЦА | 16 | 2 | — | — | 14 | 11 | — | — |
| 80 | —„—ЛОПУШНИК | 33 | 2 | — | — | 28 | 12 | — | — |
| 81 | —„— ЛУКАВИЦА | 39 | 3 | — | — | 21 | 13 | — | — |
| 82 | —„— ЛУКОВЕЦ | 49 | 9 | — | — | 56 | 13 | — | — |
| 83 | —„— ЛУБОВО (?) | 21 | — | — | — | 22 | 7 | — | — |
| 84 | —„— ЛУПШТЕ | 33 | 3 | — | — | 29 | 12 | — | — |
| 85 | —„— ЛУТЕВИШТЕ | 19 | 2 | — | — | 15 | 9 | — | — |
| 86 | —„— МАНАСТИРЕЦ | 70 | 9 | — | — | 71 | 35 | — | — |
| 87 | —„— МИРИШТЕ | — | — | — | — | 15 | 31 | 1 | — |
| 88 | —„— МИДИНЦИ | 27 | 2 | — | — | 53 | 12 | — | — |
| 89 | —„— МИРКОС (?) | 3 | 1 | — | — | 5 | 4 | — | — |
| 90 | —„— МИТРОВ ДОЛ | 20 | 4 | — | — | 20 | 12 | — | — |
| 91 | —„— МОГИЛЕЦ | 31 | 4 | — | — | 28 | 11 | — | — |
| 92 | —„— МОДРИШТА | 28 | 4 | — | — | 21 | 11 | — | — |
| 93 | —„— МОЖИЛОВЦИ | 10 | 2 | — | — | 14 | 5 | — | — |
| 94 | —„— МОКРОСЕК | 14 | — | — | — | 10 | 18 | — | — |
| 95 | —„— НЕОКАЗИ | 20 | 5 | — | — | 17 | 5 | 3 | — |
| 96 | —„— ОРЕХОВО | 34 | 4 | — | — | 18 | 19 | — | — |
| 97 | —„— ОРЛАНЦИ | 114 | 17 | — | — | 70 | 68 | — | — |
| 98 | —„— ОСЛОМЕЈ | 38 | 4 | — | — | 23 | 28 | 2 | — |
| 99 | —„— ПАВЛИ ДОЛ | 3 | — | — | — | 5 | 4 | — | — |
| 100 | —„— ПАПРАДИШТЕ | 4 | — | — | — | 5 | — | — | — |
| 101 | —„— ПЕПЕЛИШТЕ | 4 | — | — | — | 3 | 2 | — | — |
| 102 | —„— ПЕТРИЧКО | 53 | 6 | — | — | 28 | 34 | — | — |
| 103 | —„— ПЕТРОВО | 24 | 2 | — | — | 19 | 11 | — | — |
| 104 | —„— ПЕТРОВ КРСТ | 5 | — | — | — | — | — | — | — |
| 105 | —„— ПЛАСНИЦА | 78 | 11 | — | — | 83 | 25 | 1 | — |
| 106 | —„— ПОДВИЖДЕ | 20 | 4 | — | — | 14 | 10 | — | — |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 107 —„— | ПОПОВЈАНИ | 40 | 4 | — | — | 33 | 11 | 2 | — |
| 108 —„— | ПОПОЛЖАНИ | 24 | 4 | — | — | 13 | 4 | — | — |
| 109 —„— | ПОПОВО | — | — | — | — | 10 | 9 | 1 | — |
| 110 —„— | ПОПОВЕЦ | 5 | 1 | — | — | 5 | 5 | — | — |
| 111 —„— | ПОТЕВЕЦ | 8 | 1 | — | — | 4 | 4 | — | — |
| 112 —„— | ПРЕГЛЕВО | 44 | 5 | — | — | 30 | 20 | — | — |
| 113 —„— | ПРЕМКА | 86 | 9 | — | — | 71 | 21 | — | — |
| 114 —„— | РАМНЕ | 39 | 4 | — | — | 40 | 17 | — | — |
| 115 —„— | РАБЕТИНО ДОЛНО | 7 | 1 | — | — | 7 | 6 | 1 | — |
| 116 —„— | РАБЕТИНО ГОРНО | 33 | 9 | — | — | 17 | 12 | 1 | — |
| 117 —„— | РАБЕТИНО СРЕДНО | 14 | 1 | 2 | — | 5 | 7 | 4 | — |
| 118 —„— | РЕЧАНИ | 112 | 11 | — | — | 94 | 71 | — | — |
| 119 —„— | РЕЧАНИ, познато и како СТУДЕНА | 47 | 3 | 2 | — | 35 | 14 | 5 | 1 |
| 120 —„— | РУСЈАК | 17 | 1 | 1 | — | 7 | 7 | — | — |
| 121 —„— | СВИНИШТА | 42 | 2 | 1 | — | 11 | 9 | 2 | — |
| 122 —„— | СВЕТА НЕДЕЛА | 3 | — | — | — | 5 | 6 | — | — |
| 123 —„— | СВЕТИ ВРАЧЕ | 29 | 5 | — | — | 19 | 14 | 1 | — |
| 124 —„— | СЕЛЈАНИ | 20 | 3 | — | — | 16 | 5 | — | — |
| 125 —„— | СИБНИЦА | 46 | 6 | — | — | 46 | 17 | — | — |
| 126 —„— | СЛАНСКО | 26 | 4 | — | — | 12 | 19 | — | — |
| 127 —„— | СЛАТИНА | 35 | 3 | — | — | 36 | 13 | — | — |
| 128 —„— | СЕНЧИ ДОЛНО | 32 | 2 | — | — | 20 | 18 | — | — |
| 129 —„— | СОЛБ | 34 | 3 | — | — | 16 | 16 | — | — |
| 130 —„— | СРБИЦА | 76 | 12 | 1 | — | 56 | 18 | 5 | 3 |
| 131 —„— | СРБИНОВО | 13 | 1 | — | — | Во 1569 год. испуштно | | | |
| 132 —„— | СРБЈАНИ | 56 | 5 | 13 | — | 23 | 14 | 13 | — |
| 133 —„— | СРЕТКОВО | 42 | — | — | — | 34 | 2 | — | — |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 134 —„— | СТАЛЕ | 9 | 1 | — | — | 7 | 3 | — | — |
| 135 —„— | СТАРОЕЦ | 43 | 6 | 1 | — | 37 | 11 | 3 | — |
| 136 —„— | СТРАГОМИШТЕ | 28 | 10 | — | — | 28 | 12 | — | — |
| 137 —„— | СТРАЊАНИ | 45 | 4 | — | — | 37 | 12 | — | — |
| 138 —„— | СТРЕЛЦИ | 20 | 3 | 2 | — | 10 | 4 | — | — |
| 139 —„— | СУШИЦА, втор назив СТРАГОШТЕ | 34 | 4 | — | — | 22 | 19 | 2 | 4 |
| 140 —„— | СУШИЦА дервенџиско село | 26 | 3 | — | — | 30 | 6 | — | — |
| 141 —„— | СУШИЦА | 20 | 4 | — | — | 28 | 11 | — | — |
| 142 —„— | ТАЈМИШТЕ | 72 | 5 | — | — | 38 | 37 | — | — |
| 143 —„— | ТОМИНО СЕЛО | 13 | 2 | 1 | — | 19 | 12 | 1 | — |
| 144 —„— | ТОПОЛНИЦА | 42 | 6 | — | — | 40 | 20 | — | — |
| 145 —„— | ТРАПЧИН ДОЛ | 52 | 14 | 4 | — | 26 | 20 | 4 | 1 |
| 146 —„— | ТРЕСОНЧЕ | 37 | 3 | — | — | 38 | 9 | — | — |
| 147 —„— | ТРНОВО | 27 | 2 | — | — | 14 | 12 | — | — |
| 148 —„— | ТРСТИЛА | 6 | 1 | — | — | Во 1569 год. испуштено | | | |
| 149 —„— | ТУХИН | 111 | 9 | — | — | 96 | 85 | — | — |
| 150 —„— | ХАТИШТЕ | 18 | 1 | — | — | 8 | 4 | — | — |
| 151 —„— | ХРАШТАНИ | 37 | 7 | — | — | 30 | 14 | — | — |
| 152 —„— | ТРЕБОВЛЕ | 22 | 2 | — | — | 25 | 9 | — | — |
| 153 —„— | ХИНЧЕ | 27 | 2 | — | — | | | | |
| 154 —„— | ЦЕР | 40 | 8 | — | — | 29 | 32 | — | — |
| 155 —„— | ЦРВИЦА | 47 | 5 | — | — | 46 | 14 | 4 | — |
| 156 „— | ЦРЕШНЕВО | 85 | 5 | — | — | 72 | 18 | 1 | — |
| 157 —„— | ГРМСКО | 14 | 1 | — | — | 11 | 10 | — | — |
| 158 —„— | ЧЕЛОПЕК | 65 | 6 | — | — | 50 | 26 | 1 | — |
| 159 —„— | ЧЕРНЕ | 7 | 1 | — | — | 7 | 5 | — | — |
| 160 —„— | ШУТОВ ДОЛ | 56 | 8 | — | — | 32 | 35 | 2 | — |
| 161 —„— | ГРЕШНИЦА (?) | — | — | — | — | 21 | 25 | — | — |
| 162 —„— | КОВАЧЕВ ДОЛ | 6 | — | — | — | 4 | 5 | — | — |